СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од  Осумдесет и петата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 февруари 1998 година

Скопје, февруари 1998 година

**85 ( ОСУМДЕСЕТ И ПЕТТА ) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 4.II. 1998 ГОД.**

Дневен ред: на стр.3, 4 и 5

Точка 1, стр.19- Предлог на Декларација
за развојот на односите
РМ со Европската Унија-дон.с.130

Дискутанти :

1. АНДОВ СТОЈАН - 84, 88, 114, 117, 129
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 5, 7, 90
3. АРСОВСКИ БРАНК0 - 11
4. АБДИ ФАИК - 72, 74
5. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ – 41, 7
6. БАЈРАМ АМДИ – 111
7. ВАНГЕЛОВ АТАНАС - 62, 65
8. ИБРАИМИ САМИ - 13
9. КИТАНОВСКИ ЛАЗАР -14 (мин.за одбрана)
10. КАДРИУ ЗЕКИР - 97, 99, 128
11. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1 ( води.сед,) , 19- образл.по Декларац.
12. ПУРДЕ НАЏИ - 105,108
13. ПОПОВСКА ЗЛАТКА - 7, 11, 12, 16, 401, 119 (потп.на Влада)
14. ПОПОВСКИ НИКОЛА -120
15. ПЕЦОВ МИРКО - 14, 1 6, 17
16. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА – 44 ,47
17. ПАМАДНМИ САЛИ - 108, 125
18. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 81, 126
19. РАМАДАНИ ХИСЕН - 68
20. РУЖИН НАНО - 36, 39, 112, 123
21. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 76
22. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН - 57
23. ТРИПУНОВСКИ МИРКО - 53, 56
24. ТРАЈКОВ РИСТО - 9, 10
25. ТАИРИ МЕВЉАН - 3о,121
26. ТУДА РАМИ - 91, 93
27. ФИЛИПОВСКИ БЛАЖЕ - 17, 108, 113, 122, 123
28. ШАКИРИ ХИСНИ - 26, 30, 124, 25

- СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Осумдесет и петата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 4 февруари 1998 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ја отворам Осумдесет и петата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Илинка Митрева, Зоран Шапуриќ, Зоран Крстевски, Ќенан Хасипи и Ѓорѓи Атанасов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Републиката г-динот Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Ма-ја, претседателите на основните судови од Кичево и Крива Паланка.

ЗПК предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за автентично толкување на член 43 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, барање за давање автентично толкување на член 5 од Законот за локални избори, подмесен од Советот на општина Кисела Вода, барање за давање автентично толкување на член 39, 40 точка 1 и 41 став 1 од Законот за јавните претпријатија и членовите 43, точка 1 и 57 став 1 од Законот за локална самоуправа поднесен од Советот на општина Прилеп и барање давање автентично толкување на член 15 став 1 од Законот за тутун поднесен од Акционерското друштво Струмица табак - Струмица.

Кој е за предлогот на ЗПК молам да крене рака.

Седумдесет и три пратеници гласаа за.

Дали има некој против ? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со предлог на одлука за именување на претседател и членови на Советот за статистика на РМ предлог на одлука за разрешување и именување на претставници на Републиката на Собирот на работниците во Републичкиот завод за унапредување на домаќинството и предлози на одлуки за избор на членови на управни одбори на јавните здравствени организации Здравствен дом Скопје од Скопје, Републички завод за здравствена заштита од Скопје, Здравствен дом Кратово од Кратово, Здравствен дом во Македонски брод, Здравствен дом Ресен и Здравствен дом Радовиш.

Кој е за предлогот молам да крене рака.

Седумдесет и пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (3 пратеници)

Кој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратениците Алил Џафероски, Стојче Ковачевски и Исмет Рамадани поднесоа предлог на одлука за огласување избор на судии во Основниот суд Скопје I Скопје и предлагаат да се разгледа на оваа седница.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (73 пратеници)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање ? (не)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

I/3

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог на Декларација за развојот на односите на РМ со Европската унија.

2. Предлог на закон за Македонски железници.

3. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за избирачкиот список и за избирачката легитимација, со предлог на закон.

4. Предлог на одлука за зачленување на РМ во Еуроконтрол, Европска организација за безбедност на воздухопловната навигација.

5. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот кој се однесува на амандманот на Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство (член 83, бис) со Предлог на закон.

6. Предлог за донесување на закон за ратификација на протоколот кој се однесува на амандманот на членот 56 од Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство со предлог на закон.

7. Предлог за донесување на закон за ратификација на протоколот кој се однесува на амандманот на Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство (член 3, бис) со предлог на закон.

8. Предлог за донесување на закон за ратификација на спогодбата меѓу Македонската влада и Албанската влада за одржување, обновување и одбележување на граничната линија и граничните ознаки на Македонско-Албанската државна граница, со Предлог на закон.

9. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската влада и Албанската влада за мерките за спречување и решавање на инцидентите на Македонско-Албанската државна граница со предлог на закон.

I/4

10. Предлог за донесување на закон за ратификација на спогодбата меѓу Македонската влада и Албанската влада за укинување на визите за дипломатски и службени патни исправи и висината на таксите за издавање на други видови визи , со Предлог на закон.

11. Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Словачката Република за укинување на визи за носители на дипломатски и службени пасоши, со Предлог на закон.

12. Предлог за донесување на закон за ратификација на Меморандумот за разбирање меѓу РМ и Република Турција за трговија со текстилни производи, со предлог на закон.

13. Предлог за донесување на закон за ратификација на спогодбата меѓу Македонската влада и Владата на Сојузна Република Германија за соработка во областа на културата , со предлог на закон.

14. Предлог за избор на судија поротник во Основниот суд во Кичево.

15. Предлог за разрешување на судија поротник во Основниот суд во Крива Паланка.

16. Предлог за автентично толкува на член 43 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал .

17. Барање за давање автентично толкување на членот 5 од Законот за локални избори , поднесено о д Советот на Општина Кисела Вода.

18. Барање за давање автентично толкување на членот 39
40 точка 1 и на членот 30 точка 1 и 41 став 1 од Законот за јавни претпријатија и членовите 43 точка 1 и 57 став 1 од Законот за локална самоуправа поднесено од Советот на општина Прилеп.

19. Барање за давање автентично толкување на членот 15 став 1 од Законот за тутун поднесен од Акционерското друштво Струмица табак Струмица.

20. Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Советот за статистика на РМ.

21. Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом Скопје-Скопје.

22. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Републички завод за здравствена заштита Скопје.

23. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом Кратово од Кратово.

24. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом Македонски Брод.

25. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом Ресен

26. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на јавната здравствена организација Медицински центар од Битола.

27. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом Радовиш.

28. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Собирот на работниците на Републичкиот завод за унапредување на домаќинството.

29. Предлог на одлука за огласување избор на судија во Основниот суд Скопје I Скопје.

Дали има некој предлог од пратениците за изменување и дополнување на дневниот ред.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници и останати во салата,

Излегов на говорница да барам проширување на дневниот ред на оваа седница на Собранието со две точки.

Познато е дека на 3 декември во Дебар, односно Пешкопеја се склучија помеѓу Албанија и Македонија четири спогодби. Меѓутоа, денеска имаме само три на дневен ред. Се работи за една спогодба која не е склучена и која сеуште на нас не ни е дадена на ратификација. Станува збор за спогодба која е многу битна, особено од аспект на развојот на односите меѓу граничниот појас меѓу двете држави. Заради тоа барам оваа спогодба да се стави на дневен ред на оваа седница. Причините зошто го поднесува овој предлог се тоа што спогодбата ја цена не само јас, туку така беше оценето од страна на двајцата министри, кои што ги потпишаа спогодбите на кој што јас присуствував во Дебар односно Пешкопеја повикан од страна на г-динот министер за надворешни работи и затоа таа беше оценета како многу важна во однос на развој на односите меѓу двете држави. Од аспект повеќе на соработка меѓу двете држави за населението кое живее на пограничниот појас. Тоа не ни беше дадено како материјал, со оглед дека се дадени три спогодби кои што за граѓаните на двете погранично зони не значат многу, а ова многу значи, јас барам оваа точка да се стави на дневен ред. Можеби ќе има некои образложенија од страна на Владата дека тоа не поминало на Влада , нека помине на влада па оваа седница претпоставувам нема да трае само денеска, претпоставувам дека може тоа Владата да го надмине, бидејќи спогодбите се потпишани и нема посебни пречки.

Втора точка која предлагам исто така да се стави на дневен ред е тоа да барам денеска Владата усмено да ме извести, односно поднесе усмена информација за настаните случени во с. Љабуниште општина Лабуништа.

Вчера усвоивме Декларација за борба против тероризмот, а таму имаме два настана кои се случија за кои сме запознати од страна на медиумите, а кои што немаат никаков епилог. Предлагам денеска Владата да ме информира за тоа усмено што се случува во с. Љубу-

ништа, станува збор за уништување со динамит на игралиштето во с. Лабуништа, изградено со средства од страна на граѓаните, а исто така станува збор за скрвавување на надгробни плочи на гробиштата во с. Лабуништа. Граѓаните од с. Лабуништа се вознемирени од случајот, бидејќи мислам дека сите тоа го цениме ако со некој нешто може да имаме, може да имаме, а со оној што не постои не можеме да имаме ништо против и од тој аспект мислам дека денеска Владата предлагам да ми даде усмена информација до каде е стигнато со истрагата по однос на овие два случаја, а исто така и писмено да ме извести на првата наредна седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во врска со првиот предлог, ако можам да помогнам, тој предлог на спогодба е доставен до Собранието, меѓутоа , Собранието го врати на Владата за соодветен превод. Значи не станува збор за негативен однос на Владата и јас незнам дали може да се стаса да се преведе за денешната седница или ќе остане за наредната седница. Во секој случај има збор г-ѓа Поповска потпретседател на Владата.

**ЗЛАТКА ПОПОВСКА:**

Кратко да ве информирам се работи за техничко дотерување на наредната седница ќе го добиете законот за ратификација и тоа е во ред, а за случајот во Лабуниште писмено ќе бидете информирани на следната седница или на некоја од наредните седници.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Имајќи во вид дека сме доста сериозни кога станува збор за вакви случаи, мислам дека чесно би било она што г-ѓата потпретседател рече писмена информација, јас потполно се согласувам меѓутоа, усмена информација мислам дека може, бидејќи поминаа доста денови по однос на ова прашање и немаме никакви информации каде е истрагата. Можело тоа да се направи ви за ви она што се случило таму. Можело впечатоци да се земат, можело многу работи да се изведат, постои за

тоа служба и мислам дека е ред да ни се каже до каде се работите. Да не ги оставаме граѓаните бидејќи вчера усвоивме декларација против тероризмот а не преземаме ништо во оваа област. Јас намерно вчера несакав да дискутирам, кога ја усвојувавме таа декларација, од причина што усвојувањето на декларацијата ја сметав како свечен чин. Од тој аспект мислам дека добро би било да ни се даде кратка усмена информација по однос на ова прашање, г-дата од Министерството за внатрешни работи ги знаат работите, свесен сум, убеден сум дека тоа така стои и заради тоа мислам дека треба да се даде. Се согласувам дека треба да дадеме краток период, нека биде тоа на крајот , не мора да биде на почетокот.

По однос на прашањето за преводот мислам дека работите не ни се во ред таа спогодба е направена кога се направени и останатите спогодби. Четири спогодби се потпишаа. Како другите, или пак ние како граѓани на Дебар од двете страни, бидејќи Дебар постои и од едната и од другата страна, сметаме дека ова е најважно. Сега најважно направивме пропаганда, се рековме, кога доаѓа до реализација не сме спремни. Кој не е спремен за реализација. Граѓаните ја очекуваат ние не сме во состојба да ја дадеме. Од тој аспект мислам дека тоа не е во ред. Ако имало некои други пречки, тогаш мислам дека требало да се каже тие пречки и доколку може да одлучи Собранието да одлучи да донесе заклучок да ја задолжи Владата за наредната седница. Меѓутоа, да не биде тоа како што имаме обичај. На прва наредна па никогаш.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Еве потпретседателот на Владата зема обврска во однос на спогодбата да ни биде доставена на првата наредна седница. Меѓутоа, незнам колку е целесобразно да го ставам вашиот предлог на гласање за

усмена информација, бидејќи министерот за внатрешни работи не е присутен тука. Ние можеме да ја утврдиме како точка во дневниот ред, а да не го обезбедиме присуството на министерот. Ќе го замолиме во текот на седницата на крајот да го ставам предлогот на гласање.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги,

Имајќи ги предвид активностите од страна на Владата на РМ кон разрешување на проблемите од патната инфраструктура, во текот на 1996-1997 година со задоволство може да се констатира дека тоа што беше направено, беше направено во позитивна смисла. Во таа насока во

19 96 година беше земен кредит од Светската банка во висина од 24 милиони долари од кои 3 милиони долари за проектна документација, а останатиот дел за работа на траса.

Втората активност , средствата од програмата ФАРЕ, наменети за градба на погранични патни правци, поточно патниот правец Гевгелија-Грчка граница, 12,5 милини марки, Битола-Меџитлија 10,5 милиони и средствата добиени од Спогодбата со Европската унија а наменети за патните правци Скопје-Тетово, Прилеп-Битола преку Бабуна и Стоби-Удово-Гевгелија. Во сите тие активности недостасува само патниот правец Штип-Радовиш-Струмица, за кој сака да констатирам дека е неоправдано изоставен.

Од тие причини ние пратениците од регионот бараме дневниот ред од денешната седница да биде дополнет со точка Информација за степенот на изграденоста на патниот правец Штип-Радовиш-Струмица и зошто не се почитувани критериумите за глобални насоки околу можните задолжувања кај Европската унија.

**II/1**

**РИСТО ТРАЈКОВ: (Продолжение)**

Ќе спомнам само 2 од постојните критериуми. Едниот е неопходноста од ревитализација на постојните објекти, кој е оценет во 1993 година кога за истиот патен правец има издадено градежна дозвола за реконструкција и во тој момент е отпочнато со работа. Степенот на изграденост на започнатите објекти ми дава за право да констатирам дека и овој критериум не е почитуван, од причина што на проектната должина од 72 км. за 5 години има направено 19 километри. Ако во сите тие активности немаше место за патниот правец Штип - Радовиш - Струмица, предлагаме во Програмата за фондот на патишта од средствата добиени од акцизниот дел на нафтени деривати да биде опфатен со поголем износ. Сакам да спомнам дека само Струмица има регистрирано повеќе од 13 илјади возила во делот на средствата прибирани од акцизниот дел.

Да потсетам, а ова е потсетување за претставникот на Владата дека за овој проблем разговаравме неколку пати, односно беше поставуван како пратеничко прашање на седниците на Собранието, но од тоа нема фајде и затоа предлагам да не бидеме упатени како оваа информација, односно оваа информација да не биде упатена како пратеничко прашање.

Има уште еден проблем врзан со овој патен правец. Имено, општинскиот центар Василево неможе да биде приклучен на магистралниот пат, а спротивно на тоа Владата има донесено Одлука со која сите новоформирани општински центри имаат добиено приклучок на магистралниот пат, додека општинскиот центар Василево нема приклучок,со Одлука на Владата,добиено до магистралниот пат.

**II/2**

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог.

Има збор г-ѓа Златка Поповска, потпретседател на Владата на Република Македонија.

**ЗЛАТКА ПОПОВСКА:**

Претпоставувате дека ова прашање треба да се елаборира и неможе ад хок да се одговори. Конечно, и вашето прашање не беше ад хок поставено. Затоа, ве молам, прифатете за наредната седница ќе имате писмена информација околу овие патни правци, а исто така ќе настојуваме да се даде и одреден преглед на приоритетите во тој дел од нашите активности.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да, се согласува предлагачот, г-динот Трајков. Дали уште некој пратеник бара збор? Има збор г-динот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Не случајно би побарал една информација, и тоа барам една информација за текот на активностите за изградба на пругата Куманово — Бељаковце — Крива Паланка — Бугарска граница. Зошто го поставувам тоа?

Да ви кажам право, еве, 4-5 години, така дискутираме за таа пруга, меѓутоа, има информации кај населението кое гравитира во тој крај дека воопшто нема да се гради таа пруга, а и оние информации што ги добиваме од одредени телевизиски куќи, наши информативни гласила и

тн., создаваат голема дилема кај граѓаните дали оваа пруга воопшто ќе се гради.

Меѓутоа, морам да укажам дека со донесувањето на проектот и ставот на Владата дека треба да се гради оваа пруга, се уништи онаа пруга што постоеше меѓу Куманово и с.Бељаковце, а која поврзуваше многу населени места. Сега ова население практично остана без комуникација и нема иднина.

Во тој случај, би молел Владата да даде објаснување дали навистина оваа пруга има шанса да се гради и дали во текот на 1998 година барем оваа пруга Куманово - Бељаковце може да се изгради што е многу важна комуникативна релација на овој дел. Молам, Владата да даде објаснување, па дури ако има доволно податоци и информации би било добро ова да го направиме и на оваа седница да се стави, а ако не, на првата наредна седница, во интерес на оние граѓани кои живеат на тоа подрачје, а да не кажувам за стратегијата колку значи исток - запад и тн. Ние долго време како Влада и Парламент дискутиравме за оваа пруга.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој од името на Владата ќе даде одговор во врска со овој предлог?

Има збор г-ѓа Златка Поповска, потпретседател на Владата на Република Македонија.

**ЗЛАТКА ПОПОВСКА:**

Вие знаете дека тоа е еден од приоритетите на Владата, меѓутоа, претпоставувам сосема е јасно дека се работи за голем број приоритети кои имаат секој своја економска, финансиска и политичка тежина.

Измирувањето на приоритетите во секој случај ќе следи и тоа ќе се одрази на нивото на информирање во врска со овој проект, односно со пругата. Јас ветувам дека за наредната седница ќе биде готова информацијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Арсовски, дали се согласувате? (Да)

Г-дин Сами Ибраими бараше збор.

**САМИ ИБРАИМИ:**

Ќе се погрижам да бидам краток. Како пратеник од изборната единица 120 "Чаир" барам од Министерството за одбрана да достави извештај за наредната седница во врска со тешко физичко малтретирање и шиканирање на двајца војници и тоа војникот Селим Мурати од село Блаце и војникот Ваљон Хаскај од Скопје - север. Селим бил малтретиран во Скопје, додека г-динот Хаскај во Куманово.

Со тоа теророт и насилството, ксенофобијата, националната нетрпеливост и многу други негативности да бидат што подалеку од касарните, а со заеднички напори да бидат што подалеку од секоја средина во РМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Сепак, ова е за наредната седница.

Јас предложив, дали има предлог за изменување и дополнување на дневниот ред?

Има збор г-динот Лазар Китановски, министер за одбрана.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, се согласувам дека треба да се разговара за оваа тема, но мислам дека се кажаа многу тешки зборови. Во Армијата, знаете, има млади луѓе, има некогаш чарки, закачки разни, имало такви случаи и има. Меѓутоа, да не даваме значење кое не го заслужуваат и станав сега усмено за да не се предизвикаат во јавноста навистина некои непријатни чувства. Тоа не се од таков карактер, тоа се вообичаени чарки меѓу млади луѓе, се случува тоа во секоја Армија, го имало и порано, го има и сега, меѓутоа, ние тоа го следиме и секогаш во такви ситуации се поведуваат дисциплински постапки и евентуално ако се работи за потешки повреди и кривични пријави, така што нема ништо алармантно во тој поглед во Армијата на РМ.

За конкретните случаи исто така се преземени мерки од надлежните органи. И покрај тоа, јас сум спремен да дадам и писмено, ако треба, за наредната седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали сте задоволен г-дине Ибраими? (Да)

Дали некој друг пратеник сака да предложи изменување и дополнување на дневниот ред?

Г-динот Пецов има збор.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници, имајќи ја предвид мојата должност која произлегува пред се од Комисијата за економска политика и развој, да следиме некои состојби од макроекономската политика во земјата, а кои произлегуваат од документите усвоени на ова Собрание и се однесуваат

на тековната година, предлагам на оваа седница да бидеме информирани за стратегијата за извоз на земјата. Кратко образложение на моето барање е следното.

Со одлука за девизната политика и Проекцијата на платниот биланс на РМ за 199 8 година, точка 2 стои: "Ќе донесеме стратегија на извоз на земјата која преку конзистентни мерки на заштита ќе обезбеди реална поддршка на извозно ориентираното стопанство и јакнење на неговата конкурентна способност". Бидејќи поминаа да речеме 10% од годината, а не сум ја сретнал стратегијата за извоз на земјата, а од друга страна изворот е наша приоритетна стопанска определба, при промоцијата на националната стратегија за извоз слушнавме, Кстене Богоев рече, толку е важно што или ќе се извезува или ќе погине, бидејќи имаме зацртано висока стапка на извоз во националната стратегија, а и во макроекономската политика за оваа година, во стратегијата со 16,5%, многу е битно дали ќе имаме стратегија односно дали ќе имаме зацртан пат по кој ќе се движиме оваа година и со кој ќе ја постигнеме барем приближно стапката за извоз за оваа година.

Ценејќи дека задачата е од висок приоритет за државата, барам на денешната седница да бидеме информирани за стратегијата за извоз на земјата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, претставникот на Владата да земе збор.

Има збор г-ѓа Златка Поповска.

**ЗЛАТКА ПОПОВСКА:**

Веројатно овде не е едно прашање, туку многу, многу прашања, бидејќи се работи навистина за еден значаен приоритет, а тоа е извозот. Меѓутоа, морам да го потсетам пратеникот дека стратегија на извоз е страшно голема работа и е дел од националната односно економската стратегија, која е изработена на ниво на МАНУ. Тоа не значи дека државата не презема оперативни чекори на овој план во областа на извозот односно во областа на попречување на извозот, не од 16,5% стапка на раст, туку 10% е стапка на раст и нема национална стратегија во рамки на проектот, како што рековте, за извоз, туку тоа е дел од таа стратегија и затоа, бидејќи ја сфаќам потребата да се информира Парламентот како ќе се етапираат мерките односно поддршката на овој приоритет од страна на Владата, така и ќе бидеме информирани не со една туку со повеќе информации.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Пецов, дали го прифаќате одговорот?

Има збор г-динот Пецов.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Јас не сакам Владата да ја ставам во незгодна ситуација околу ова прашање, јас само ја цитирам Владата во одлуката што таа ја има преземено дека ќе донесе стратегија за извоз на земјата. Тоа е во одлуката за девизната политика оваа година и сакам да биде донесена. Бидејќи тоа е кажано, поминува времето и без таква стратегија, без да знаеме како ќе го остваруваме тоа, ние минатата година не го

остваривме и нема да го оствариме. Јас сакам само на време, еве кога помина 10% од годината, еден месец и повеќе да се има пат по кој ќе го направиме извозот и да имаме навистина некоја стратегија за оваа година. Тоа е предвидено во Одлуката, јас не измислив воопшто ништо, туку само цитирав.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали останувате на предлогот да се гласа?

**МИРКО ПЕЦОВ:**

За наредната седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи, за наредната седница.

Дали има други предлози во врска со дневниот ред за оваа седница? (Нема)

Тогаш кој е за предложениот дневен ред. молам да крене рака?

80 пратеници гласаа "за".

Дали некој има против?

2 пратеници се "против".

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Г-дин Филиповски, деловничка интервенција.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, би замолил за една пауза од 20 минути, да го почекаме извештајот на Комисијата за надворешна политика која во својство на матична комисија расправаше

за повеќе точки кои се денес на дневен ред, а мислам дека е значајно да го имаме тој извештај.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, молам за пауза од 15 минути, затоа што сега сум известен дека веќе се умножува извештајот.

(Паузата отпочна во 16,30 часот)

III/1 СС/БС

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,30 часот).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Го поздравувам учеството во работата на Собранието на претседателот на Републиката г-динот Киро Глигоров.

Продолжуваме со работа.

Минуваме на точката 1 - Предлог на декларацијата за развојот на односите на Република Македонија со Европската Унија.

Предлогот на декларацијата ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Дозволете ми, во името на предлагачите, да дадам само кусо образложение за Предлогот на декларацијата.

Господине претседателе, дами и господа пратеници, почитувани министри,

Од осамостојувањето на Република Македонија интеграцијата во Европа се поставува како еден од приоритетите на нејзината надворешна политика. Нашето место го гледаме единствено и не само географски токму во семејството на развиените и демократски Западни земји, за што до сега е изразена согласност меѓу политичките партии во Македонија.

Ваквата надворешно-политичка, стратегиска цел на Републиката често е презентирана од Претседателот на Републиката, Владата на Република Македонија, како и се разбира од Собранието на Република Македонија, од припадниците на различни парламентарни групи, како и во јавноста од страна на повеќе граѓански асоцијации.

III/2

Политичката согласност за ваквата надворешно-политичка ориентација значи не е наметната од надвор. Искажаните тенденции и желби на граѓаните во ЕУ се објективни и би рекол сосема природни. Државјаните на оваа земја очигледно не сакаат да припаѓаат на еден изолиран остров или полуостров и да останат на страна од процесите на градењето на Обединета Европа. Тие, повеќе пати до сега ја изразиле волјата својата иднина да ја поврзат со иднината на Европската Унија, што е синоним за обединета Европа. Ова може да се поткрепи и со податоците од спроведената анкета меѓу граѓаните кои местото на својата земја го лоцираат токму во развиена Европа.

Минатата година ја ратификувавме Спогодбата за соработка на Република Македонија со Европската заедница. Со стапувањето во сила на Спогодбата на почетокот на оваа година направен е прв и особено важен чекор за регулирање на односите и за целосно интегрирање во Унијата. Со неа се промовира сеопфатна соработка што треба да придонесе за економскиот развој на нашата земја и за продлабочување на севкупните врски со Унијата.

Договорното ниво на овие односи во овој момент е дефинирано и со Протоколот за финансиска соработка, со спогодбите во областа на сообраќајот и текстилот. Со задоволство можам да констатирам дека Република Македонија е вклучена во воспоставување на Пан - европските коридори за поврзување на стариот континент.

Активен однос кон ова прашање секако имаше и Собранието на Република Македонија учествувајќи неколку пати во работата на Пан-европските конференции за транспорт по покана на претседателот на Европскиот парламент и на Европската комисија.

Особено би сакал да ја нагласам и готовноста на Европската Унија финансиски да ги поддржи нашите структурни реформи, изградувањето компатибилни институции преку програмата ФАРЕ.

Очигледно претстои задача на доследно и трпеливо имплементирање на овие спогодби што треба да не легитимира како партнер кој е подготвен и кој имал потенцијал и волја да ги остварува превземените обврски.

Треба да бидат усвоени и реализирани низа мерки во областа на економската, техничката и финансиската соработка, како и од сферата на трговијата. Суштествен елемент на Спогодбата и на развојот на односите со Унијата е почитувањето на демократските принципи о човековите права, утврдени со познатите и широко прифатени меѓународни договори.

Сето тоа нас, во Собранието не исправа пред задача на продолжување на започнатиот процес на хармонизирање на нашето законодавство и негово доближување до нормативно-правните стандарди на Унијата.

Многумина од вас сигурно си го поставуваат прашањето зошто е потребна една ваква декларација за односите со ЕУ и тоа овде и сега?

Со овој документ, Собранието, како највисок преставнички орган на граѓаните декларативно ја изразува политичката волја за пристапување кон Унијата. Со тоа се отвора патот Собранието активно да се вклучи во натамошната процедура и во следењето на битните фази и одуки во

процесот на приближувањето и зачленувањето во Унијата. Тоа е вообичаена постапка што ја практикуваат земјите аспиранти за членство во Унијата и, во крајна линија, претставува демократски чин. Познато е дека ЕУ им дава еднаква шанса на сите земји и дека сега, кога стапи на сила нашата Спогодба со Унијата, како реален чин е донесувањето на ваква декларација во Собранието на Република Македонија.

Но, две тези се повеќе или помалку присутни во нашата средина и во пошироката јавност околу судбината на односите на Република Македонија со Европската Унија.

Едната е, според мое мислење дека нашата судбина во Европа и нашата улога во понатамошниот процес на европската интеграција е наметната и смислена од надвор и зависи исклучиво од надворешниот фактор.

Втората теза е дека процесот и динамиката на интеграцијата во Унијата зависела и зависи само од нас.

Првата теза води кон амнестирање на нашата одговорност. Ако некој друг решава за нас, се разбира ние тука не можеме ништо да направиме, па затоа подобро да не превземаме и никакви активности.

Втората теза води кон негирање на сите досегашни придобивки на планот на етаблирањето на Република Македонија во меѓународната заедница, за што европската интеграција беше и е токму еден од приоритетите на нашата надворешна политика од периодот на нашето осамостојување.

Вистината, се разбира, може да се рече е некаде меѓу крајностите. Факт е дека меѓународните околности имаат големо влијание и се разбира и денеска се уште имаат врз односите на Република Македонија

со Европската Унија во целина како и поединечно со нејзините земји членки.

Но, факт е и тоа дека во голема мерка од нас зависи степенот и динамиката на приближувањето кон Унијата. Меѓутоа, од изразената волја и поставувањето на односите со Унијата како наша стратегиска цел до нивна конкретна реализација се протега пат кон кој не е ниту малку лесен ниту малку краток.

Значи, пред нас е период на макотрпен процес на продолжување на започнатите реформи и структурно прилагодување со кои би ја надминале сегашната неподготвеност за полноправно членство во Унијата.

Нереални се очекувањата дека тоа може да се случи брзо и дека за тоа е потребно само да се донесе политичка одлука. Впрочем познати се повеќе примери на земји кои долго чекале пред вратите на Унијата, а сега се нејзини членки и кои, дури со децении, ги усогласувале заедничките акти за нивно пристапување кон Унијата.

Ако за нешто во овој миг и не е потребна голема доза на политичка реалност и конструктивност, тоа е прашањето за пристапување кон Европската Унија.

Во оваа пригода не повикувам на некаква диригирана согласност, туку на покажување взаемна волја за истрајно заедничко работење кон оваа цел, секој според улогата во системот на поделба на власта и на начин достоен на надлежноста на институциите на системот.

Начинот на кој тие ќе се решаваат ќе ја покаже во крајна линија и нашата зрелост за политичка и економска интеграција во Унијата. Добро е што на средбата пред некој месец меѓу претседателот на Републиката и претставниците на позначајните политички субјекти и од позицијата и

опозицијата е постигната согласност околу приоритетите на нашата надворешна политика, односно за продолжување на процесите за полноправно членување во НАТО и Европската Унија.

Со чинот на постигнувањето на консензус по едно прашање од врвен национален и државен интерес, политичките партии претставени во Собранието па и оние надвор од Собранието, ја покажаа својата политичка зрелост и го демантираа наметнатото уверување дека нема прашање од витален државен интерес по кое што политичките партии во Република Македонија можат да се договорат. Тоа практично покажа дека државниот интерес кај сите политички партии што учествуваат на таа средба во доминантна позиција го ставија токму државниот интерес.

Како што е познато Собранието на Република Македонија формира и група за соработка со Европскиот парламент која остварува редовни средби со Делегацијата на Европскиот парламент за Југоисточна Европа. Наш интерес и заложба е постојан подем на односите и со Европскиот парламент.

Имам впечаток дека, сепак, треба да ги разбиеме илузиите дека членството во Унијата е еднократен чин со кој одеднаш се добиваат некои погодности и веднаш се уфрламе во семејството на развиените земји. Обврска е носителите на власта објективно и континуирано да презентираат факти за тоа што значи членството во Унијата.

Неопходно е да создадеме јасна и реална претстава кај секој граѓанин што всушност значи процес на доближување кон Унијата. И, секако, не треба да не обесхрабрува што Република Македонија за сега ја нема на поширокиот список на земји што ќе биде објавен кон крајот на март, што официјално ќе бидат поканети на дијалог за влегување во Унијата.

За нас, од принципиелен карактер се поставува прашањето на подецидно формулирање на меѓупарламентарната соработка. Дури и со земјите во Југоисточна Европа кои до сега не изразиле аспирација за приклучување кон Унијата меѓу парламентарната соработка во соодветните спогодби на овие земји со Унијата се определени со повеќе посебни членови со кои се предвидува создавање мешовити парламентарни комитети. Тие комитети имаат определен делокруг и метод на работа и претставуваат институнализација на парламентарната соработка. Со тоа се отвора можност за интегрирање во програмите за соработка и помош на Европскиот парламент и се создава значаен лобистички канал во Парламентот.

Во таа смисла при претстојниот политички дијалог со Европската Унија е потребно да се отвори прашањето за подигнување на нивото на меѓупарламентарната соработка и таквото барање би било во согласност со залагањето за рамноправност, еднакви шанси и еднаков третман со другите земји што се на почетокот на утврдувањето и регулирањето на своите врски со Европската Унија.

Формирањето посебно работно тело на Собранието веќе станува неопходност во оваа фаза на интеграција на Македонија во Евроатланските процеси. Ова работно тело ќе има важни задачи на планот на хармонизација на законодавството, остварувањето на принципот на транспарентност во донесување одлуки за Евроатланските интеграции и валоризација на преземените активности. Ова тело ќе биде место каде политичките партии претставени во Собранието, ќе ги презентираат и ќе ги усогласуваат своите ставови во врска со таквата интеграција.

Синхронизирањето на парламентарните активности на планот на Европското и Евроатланското интегрирање и до сега биле прашања од консензуален карактер. Односот кон нив би бил значаен за политичкото идентификување на пратеничките групи и на Собранието во целина пред нашата и пред меѓународната јавност, се разбира.

За клучните прашања од овој значаен домен на парламентарната активност е потребен, навистина, поорганизиран пристап и по офанзивен настап. Резултат на таквата готовност е денешната Декларација за развој на односите на Република Македонија со Европската Унија.

Се надевам дека заедничкиот ангажман ќе биде постојано присутен кога се во прашање предизвиците на процесот на нашето натамошно интегрирање во Унијата и НАТО.

Во тоа име и во името на предлагачите на Декларацијата, ве молам да ја прифатите.

Благодарам.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор г-дин Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ**

Господине претседател на државата, г-дине претседател на Парламентот, дами и господа пратеници и претставници на Владата,

Накратко, сакаме и ние, како парламентарна група на Демократската партија на албанците да се изјаснам пред овој Парламент во врска со Предлог декларацијата за развој на односите на Република Македонија со Европската Унија.

Дури, на почетокот сакам да кажам дека секој граѓанин на оваа држава има желба што побрзо да се интегрира Република Македонија во Европската Унија. Знаеме и свесни сме дека е ова прв чекор што ќе ја отвори вратата за нашето членување во Европската Унија.

Како акт што треба да го усвои овој Парламент е многу значаен. Кога е во прашање соработката со Европската Унија јас го сметам како интерес на сите граѓани на оваа држава. Тука нема никаква дилема, ниту треба да постои кај ниту еден граѓанин на оваа држава. Бидејќи соработката со оваа асоцијација претставува важен фактор за стабилноста на една земја, било од економски, било од политички аспект, Сојузот што го сочинуваат 15 државни на Европа секој вид на соработка го условуваат со внатрешните односи.

Јас поставувам прашање - какви ни се внатрешните односи во Република Македонија?

Јас, како пратеник на овој законодавен дом сметам дека не се на ниво и дури како основен критериум ние овој критериум,. да кажам на почетокот не го исполнуваме. Нам, албанците, како прво, ни треба една стабилна политика внатре, во границите на оваа држава, што ќе биде корисна за албанскиот народ во Република Македонија.

Констатирам дека моментално ние тоа го немаме господо, бидејќи според сегашниот Устав и законите на оваа држава се третираме како граѓани од втор ред. Тоа се покажа низ многу факти. Ако не е така, сакам да ме демантира некој од пратениците присутни овде во салата.

III/10

Господо,

Прво, за нас албанците е многу важно да ги решаваме оние проблеми што се многу значајни за нашата перспектива во оваа држава. Тоа треба да знае и овој парламент, и претседателот на државата и сегашната Влада. Тогаш ние ќе бидеме едногласни и ќе се согласиме за сите релевантни документи што се многу значајни за оваа држава. Тука нема да има проблеми ниту дилеми кај нас.

Во првиот дел, јас мислам дека декларацијата, како текст, содржи многу позитивни работи. Меѓутоа, ние секогаш во врска со текстот што е предложен денеска во вид на декларација, ние во Парламентот имавме декларации и изјави од страна на пратениците за сожителство, толеранција во оваа држава.

Господо,

Сожителство може да има во една држава кога сите граѓани се равноправни. А, ние како албанци, сметаме дека во сегашниот момент не сме рамноправни, сме дискриминирани во културата, јазикот и образованието. Тоа треба да го знае секоја државна институција.

Многу добро знаете, како пратеници, оваа Влада каков став има во врска со тетовскиот универзитет, каде моментално студираат околу 4.000 студенти, сите граѓани на оваа држава. Кој знае каква ќе биде нивната иднина. Со тој проблем мора да се соочат државните органи. Никој не може да бега од одговорност а особено ние, како албанци, како претставници кон овој проблем. Не треба да ги држиме нив како заложници, а сегашната влада и сите државни институции ги држат овие

млади како заложници. На нив уште не им се отвора прозор и тие да земат нешто зраци од сонцето. А тоа, токму го прави сегашната Влада.

Дискутираме за односите со Унијата. Но, не треба да заборавиме дека овие проблеми не чекаат време и не можат да се пролонгираат. Нема да ни ги реши ЕУ нашите проблеми, бидејќи оние само ќе сугерираат.

Дами и господа пратеници,

Ние сме подготвени да гласаме за оваа декларација. Многу чесно и одговорно тоа го кажувам пред овој Парламент. Доколку прифати овој Парламент да се инкорпорира во Предлог текстот на Декларацијата и нашето барање за институционализирање на тетовскиот универзитетот, доколку Парламентот одлучува спротивно со ова, нашата пратеничка група ќе гласа против. Не што не сакаме. И ние имаме желба да гласаме за оваа Декларација бидејќи се работи за нашата иднина.

**ХИСНИ ШАКИРИ:** (Продолжение)

Меѓутоа, ова не го кажувам и не треба да се третира како максимално барање, многу е реално и многу е чесно досега сите релевантни личности, па и државни органи манипулирале во контактите со другите делегации, странските делегации. Дури тоа го направил и претседателот на државата. Дека ова е политички проект, господа, ова не е политички проект, се работи за нашата иднина, за нашата перспектива во оваа држава. Да се договориме само за овој проблем, за еден проблем, да го расчистиме и ние ќе бидеме секогаш заедно. Донесовме и бевме во согласност за многу други проблеми и ќе бидеме во иднина, само за некои проблеми сега треба да ги решаваме. не можеме повеќе да ги пролонгираме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Тахири.

**МЕВЉАН ТАХИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитуван претседателе на државата! За плебицитарно изразената волја на сите граѓани во Република Македонија, за поврзување на својата иднина со иднината на народите на Европа и на другите народи во светот приврзани кон идејата за пазарно стопанство, демократско општество, почитување на човековите права и фундаментални слободи, како и би

додал националните, културните, религиозните, социјалните и другите права утврдени во документот во Копенхаген од 1993 година од страна на Европскиот совет се тие кои што би требало да бидат таа заедничка нишка која што не поврзува сите како граѓани, без оглед на националната, верската и било каква друга припадност. Се разбира дека ваквите декларации од страна на Парламентот, Владата и од сите други релевантни структури во државата се важни и дека претставуваат добро изразување на волјата за имплементација на одредените стандарди во нашиот од кон приклучување кон овие институции, кои што и од страна на претставникот на предлагачот на овој парламент, може да се заклучи, дека сепак, се наидува на одредени тешкотии, кои што би требало да се надминат со соодветни активности од сите сегменти на власта, како законодавната, односно овој дом каде што сега расправаме, Владата и јас би додал, се разбира, судството и обвинителството, кои што исто така се важни сегменти во постигнување на овие цели, кои што се зацртани при нашите обиди за приклучување кон Европската унија и другите интегративни процеси.

Имплементацијата на критериумите кои што се утврдени од страна на Европската комисија, а кои што се поврзани и со други активности, кои што се одвиваат во разни институции каде што Република Македонија членува, почнувајќи од Организацијата на обединетите нации Организацијата за безбедност и соработка на Европа, европскиот совет, сметам дека се исто така важен дел, кој што се разбира како поширока врата, Република Македонија треба да ги изоди, за да стигне до многу тврдо поставените критериуми на Европската унија. Мислам дека не треба да се заобиколат овие прашања, затоа што дефакто , доколку се наиде на застој во овие институции, кои што имаат многу пофлексибилен однос кон државите за исполнување на одредени обврски, мислам дека нема што да се очекува во нашите напори да се приклучиме кон

Европската унија и дека оценките кои што ќе се даваат за република Македонија во Обединетите нации, од страна на Организацијата за безбедност и соработка на Европа, во Советот на Европа, се дефакто тие извештаи кои што, јас сум убеден дека многу ќе придонесат врз валоризацијата на тоа како Република Македонија ќе се вреднува и како ќе се оценуваат шансите на Република Македонија и на сите нас овде за приклучување кон овие интегративни процеси.

Мене ми е жал што, најверојатно, предлагачот не убедил, а изгледа дека и ние заедно со вас сите и јас како пратеник не успеав да ја согледам еден важен елемент, кој што би можело со еден амандман да се интервенира во целата оваа работа, а се работи за потребата да се истакне важната улога на децентрализацијата на власта и зајакнувањето на позициите на локалната власт. Сметам дека за едно демократско општество, кое што ние сите имаме намера да го изградиме неопходно е понатамошно зајакнување на локалните власти односно де-централизацијата на власта на локално ниво. Посебно , имајќи го пред-вид хетерогениот карактер на нашата држава и потребата граѓаните што поблиску да ја осетат таа власт односно да можат да решаваат за што поголем број на прашања, со што сметам дека ќе се избегне тој осет дека некој друг решава во име на граѓаните, кои што живеат и се засегнати со одредени прашања од секојдневниот живот.

Втор важен елемент кој што се истакнува и во оваа декларација, а на кој што сметам дека Владата и ние како Парламент и сите други треба да работиме и тоа мислам дека посебно има тежина, имајќи ги предвид голем број отворени прашања, кој што постојат меѓу Република Македонија и повеќето соседни држави е регулирањето на односите. Несомнено дека тоа не е прашање само на Република Македонија, несомнено дека со истите прашања, во релација Република Македонија и другите соседи ќе се засегнат другите соседни држави кои што исто така

ќе бидат упатени да ги регулираат односите пред да зачукаат во сите овие врати каде што сметам дека речиси сите држави од регионот имаат иста цел да се приклучат кон Европската унија, да бидат полноправни членки и да ги осетат придобивките на едно вистинско демократско пазарно ориентирано отворено општество и сметам дека во овој поглед развојот на односите, нарочно со Република Албанија во последно време, јас се надевам дека во тоа што јавно се гледа има и изразена волја на искреност и готовност да се надминат постојните проблеми и се разбира да се надмине и недовербата која што постои, нарочно внатрешната недоверба јас повеќе би кажал која што постои, и со една добра волја би можело со почитување на сите преземени обврски на Република Македонија кон овие институции, каде што РМ зачленува , да се придонесе за олеснување на патот кон Европската унија.

Изразената волја на нашето Собрание и готовноста за почитување на меѓународните и европските стандарди за човекови права, граѓански слободи и национална рамноправност односно спремноста на Собранието во од да се обидува да го имплементира позитивното европско законодавство, за жал, во досегашната практика односно при усвојвуањето на законите кои што задираат , нарочно во одреден број на случаи во сегментите на меѓунационалните односи, се наидува во разни интерпретации, кои што мислам дека се прчка за создавање на клима на доверба кај нас и кој што на некој начин, барем кај нас, претставници, еве да се ограничам само на нас, ан партијата аз демократски просперитет и на некој начин на албанците во РМ, оставаат сомнеж дека нема искреност во таа изразена вербална готовност да се

имплементираат сите тие стандарди, кои што РМ во некои случаи и ги има потпишано во некои ратификувано, но во секојдневното живеење не гледаме некое подобрување по однос на, односно некоја желба истите да се имплементираат во домашното законодавство. Тука, пред се, јас би се задржал , еве на последниот пример, рамковната конвенција за заштита на националните малцинства и принципите кои што се поставени само визави некои отворени прашања кои што постојат во релација на желбите, потребите кои што ги истакнуваат припадниците на албанската националност во РМ. Сметам дека во овој поглед постојат сериозни пречки во интерпретацијата на истата и кои што, јас мислам дека ќе можат да се разрешат само со евентуално приклучувања на соодветните инструменти на Европскиот совет на Европската унија, кои што со асистенција, со припомош која што мислам дека е неопходно во разрешувањето на овие прашања, а се надевам и со искрена желба таквите сугестии, насоки да се почитуваат и од страна на македонската Влада, дека би требало на тој начин да се надминат сите овие прашања.

Се разбира, при сето ова што го кажуваме, доколку навистина има вистинска желба да се преиспита целото законодавство, во целина односите внатре во РМ , мислам дека ќе биде неопходно, иако знам дека тоа тешко се прифаќа, тешко дури и се размислува за тоа, но мислам дека ќе биде неопходно да се преиспита севкупниот уставно-правен поредок во РМ и да се усогласи хетерогениот состав на населението односно да се укомпонира, така да се укомпонираат односите, да се избегнат овие меѓусебни обвинувања, кој што мислам дека на некој начин не оддалечуваат од сите други прашања, кои што се битни за сите нас, а за кои што при постоење на повеќе отворени прашања кои што беа истакнати и од претходниот говорник , за кои што јас посебно не би дал нагласка, затоа што не е само тоа прашање, кое што беше истакнато, тука освен прашањето на образованието, кое што навистина има

исклучителна важност за албанците во Република Македонија, неминовно и неопходно е да се спомне и прашањето на употребата на јазикот, другите права кои што произлегуваат од тие принципи и кои што, се разбира, сепак на крајот на краиштата бараат едно преиспитување, да повторам уште еднаш на севкупниот уставно-правен поредок во државата.

Иако во декларацијата, се согласувам дека најверојатно нема потреба да се набројат сите тие работи, кои што Собранието, односно сите структури на државната власт во РМ треба да се ангажираат  но јас би одделил два сегмента кои што според мене се од исклучителна важност за да се дојде до саканата цел. А, тоа е функционирањето на независно судство и би нагласил Јавното обвинителство. Мислам дека овие два сегменти, сепак , во државата не функционираат така како што сметам дека сите ние како граѓани би посакувале, па сметам дека сеуште недостасува тој елемент на независност, комплетна независност на овие институции и на комплетно чувство на одговорност, која што ја имаат визави заштитата на правата и слободите на граѓаните. Тука, се разбира, дека, нарочно сметам дека во пониските инстанци на судството и обвинителството постои, барем според, може да е тој погрешен впечаток, но тој впечаток не е само кај мене, кај поголем број на граѓани е дека сепак постои една недозволива спрега меѓу судството, обвинителството и полицијата. Мислам дека во оваа насока треба да се издвојат улогите и да се овозможи функционирање на сите овие посебни елементи на начин утврден со законите и позитивните прописи.

Се разбира , во целата оваа работа не може, да се одбегне позицијата, улогата на полицијата на службите за државна безбедност, кои што исто така се тие елементи, кои што според мое лично мислење

придонесуваат за напнатост во односите внатре во Република Македонија.

На крајот, сакам да кажам дека ја поздравувам, нарочно го поздравувам предлогот да се формира едно координативно тело кое што ќе се занимава со ова и ќе укажува и на егзекутивата и на сите други сегменти на власта и на нас како пратеници за неопходните чекори кои што сите заедно треба да ги направиме во функција на овие интегративни процеси и јас се надевам дека ова тело формирано од сите релевантни структури кои што учествуваат во меѓународните активности на РМ, ќе придонесат за соодветно заживување на овој процес, кој што мислам дека малку преспоро се одвива, имајќи го предвид приоритетот кој што ние сите го даваме за приклучувањето кон Европската унија и евроатланските интеграции.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе на државата, почитуван претседател на парламентот, почитувани дами и господа, министри и пратеници!

За мене денеска овој ден е свечен ден, затоа што конечно Парламентот е пред донесување на декларација, која по јачината е слична на одлуката која што ја донесовме за приклучување на РМ кон НАТО. Мислам дека оваа декларација ќе остане долго и ќе се реферираат или оние што ќе бидат избрани во натамошниот циклус на изборите, ќе се реферираат на оваа декларација како амбиција, како желба на РМ да пристапи кон европската конструкција, кон европската идеја.

IV/8.-

Инаку, идејата за Европа е долга повеќе од 20 века, уште од Античка Грција. Знаеме дека уште во Античка Грција градовите држави, ситејата создаваа федерални одбрамбени сојузи да се соочат против Азиската опасност. Онаа Античка Грција која беше инкарнација на демократијата на хуманизмот и велиме дека еден од столбовите на европската идеја е токму хуманизмот пронајден во Античка Грција. Во тоа време некако и Континентот Европа го добива своето име благодарение на Феникиската принцеза Еуропе, која што инаку, според легендата , била грабната од Зевс. Во тоа време Европа односно Парис, Амстердам, Хаг, биле обични мочуришта, додека на овие простори се развивала европската идеја, европската демократија. Демократијата која го стави човекот во центарот на сите настани. Знаете и во филозофијата и во скулптурите во тоа време што денеска ги пронаоѓаме во нашите почви. Тогаш идејата за Европа се стопираше некаде на овие граници.

Подоцна, вториот столб на големата европска идеја е Римското царство од каде што ќе се роди римското право.

Третата идеја врз која се темели европската идеја е христијанството, кое што ќе направи прво обединување на Европа, меѓутоа респектирајќи ги муслиманските еклави односно заживувајќи ја идејата за еден еколуменски однос меѓу религиите.

Во тој голем распон од 20 века, голем број дејци, политичари, интелектуалци, императори мечтаеле за европската идеја. Едни со вистински хумани цели, како што се Семпиер, Чарлемаш, тука можеме да ги ставиме светите браќа Кирил и Методиј, кои што исто така имаа една европска мисија на оплеменување во доменот на културата. Тука е и Мисирков, тука е и Гоце Делчев. Но, исто така, постоеја европејци кои што сакаа да ја искористат оваа европска идеја во сопствени цели, во

освојувачки цели. И Хитлер беше европеец, меѓутоа ја сфати некако поинаку, во една геноцидна формула.

Според тоа, ние денеска живееме во таа Европа и сосема е разбирливо дека размислуваме за нејзе. Таа Европа по неколку изминати крвави војни, по неколку критични моменти, по неколку трагични настани, сепак успеа по Втората светска војна, благодарение на визионери, како Жан Моне, како Аденауер, како Шарл Дегол, како Черчил и другите кои што придонесоа да се оформи и како европска конструкција како европска институција. Таа европска институција се развиваше односно ги развиваше стандардите , критериумите и таа европска институција ја разви и европската идеја која ќе стане единствена идеологија пропаѓањето на комунизмот.

V/1 СП/МЈТ

**НАНО РУЖИН:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Имено, знаете дека со имплозијата на комунизмот во 1989 година ќе се почувствува, бидејќи ќе исчезне и марксизмот, ќе се почувствува една идеолошка празнина и новата идеологија се вика Европа, европска конструкција, европска идеја, односно Евро-атлантска. Кон таа идеја ќе пристапи нашата држава и мислам дека двата основни принципи на нашата демократија, на нашата надворешна политика ќе бидат всушност водени од критериумите на оваа европска идеја, што од друга страна ќе ја поддржуваат неколку невладини организации, која ќе ја поддржуваат сите политички партии, европска идеја која и денеска ние ја поддржуваме, меѓутоа, европска идеја која исто така некогаш не ја разбираме.

Терминот Европа претпоставува збир на цели кои се мошне хетерогени, меѓутоа, исполнети со позитивна енергија. Тоа е демократија, толеранција, економски просперитет, индивидуална соработка, сожителство, заеднички, европски, социјален простор, мондијализација или глобализација или како сакате. Европа е осмислена како соодветен идентитет и во одбраната и во надворешната политика европска идеја на која сите ние, без резерви, без разлика од политичката припадност и половата припадност, па дури и националната, сите и кога би направиле референдум во оваа држава веројатно процентот на оние што се за вклучување на Македонија во Европската унија би бил огромен. Во таа насока мене ме изненадува што овде не достига еден потпис на мошне значајна политичка партија, за која никогаш не сум се сомневал дела има европска ориентација, а тоа е Либерално-демократската партија затоа што не е прифатен амандманот што таа го наметнува, мислам навистина не би сакал воопшто да по- верувам дека оваа партија нема една европска опција.

Впрочем, ако се оди на овие принципи што се набројани овде, јас на нив би додал уште неколку на пример мултикултура, социјални стандарди, толеранција, социјална држава, цивилно општество, невладини организации. Затоа предложив еден амандман кој го имате добиено, а кој се однесува дека на точка 4 би додале "како и на останатите стандардни вредности и цели". Мислам дека со овој амандман дека ќе го опфати и ова што ЛДП го предлага.

Во однос на дискусијата од ПДПА господинот Шаќири би истакнал дека ова е една декларација за која сите се заземаме. Ние сме свесни, имаме една реална политичка оценка дека во една држава не може да биде се идеално и дека ние кои сме живееле под тежината на меѓуетничките односи влеговме експлозивно во една нова фаза на градење на тие меѓуетнички односи и дека тие односи не можат да ги надминат дури и ментално сите оние остатоци од минатото. Меѓутоа, исто така, треба да бидеме оптимисти и впрочем сите овие ре-вандикации кои господинот Шаќири ги истакна ги има и во оваа дек-ларација. Доколку реалноста беше навистина како што е во декларацијата, тогаш декларацијата ќе беше многу поопшта, меѓутоа, свесни сме дека сме млада, посткомунистичка држава, со бројни аномалии, држава која сепак гледано од надвор сеуште ги плени симпатиите, сеуште постои еден вид иконографска претстава за Македонија како држава, како еден простор на взаемност, на толерантност, на взаемно разбирање, на дијалог.

Според тоа, давајќи го мојот скромен придонес кон оваа декларација, ја поддржувам оваа декларација без никакви резерви и сметам дека нашиот народ заслужува со своето однесување, со својата традиција, со својот придонес кон европската култура, со респектот на мултикултурата, со останатите принципи, со патот што го покажа при излегувањето и при распаѓањето на бившата југословенска федерација

ја заслужува оваа декларација, заслужува да го расчисти уште повеќе патот кон интеграција, односно кон асоцираното членство на Европската унија, односно еден ден кон полноправно членство. Впрочем, и Пол Валери вели: Европската идеја се темели, како што реков, на Античка Грција, на комунизмот на Античка Грција, на Римското право, на Римското царство, на христијанството, но исто така и на влијанието на културите како што се келтската, германската, словенската на која ние припаѓаме и на медитеранската.

Според тоа мислам дека оваа декларација ги изразува сите принципи и јас бескрајно ја поддржувам. Ви благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине Претседателе, дами и господа пратеници. Неспорно е дека стратегиски интерес на сите нас се интеграционите процеси првенствено во Европската унија, а и другите интеграциони процеси сметам дека тука повеќето релевантни политички партии се единствени со оградување на некои кои не стојат како предлагачи на оваа декларација и колку имам сознанија тие сепак наведуваат други причини, а не нивна согласност, односно составот, содржината на оваа декларација.

Значи со оваа декларација практично се изразува една волја на еден претставнички дом, односно политичка волја на овој Парламент дека ние се определуваме за ова за што се определивме. Меѓутоа, определбите се едно, а реалноста е друго и сите ние имаме неспорно желби процесот, интензитетот на интеграцијата на нашата земја во овие процеси да биде позабрзано, сега е актуелен процесот на можноста за

здобивање на статус на придружно членство во Европската унија, меѓутоа, за сега тоа останува само како еднострано додворување од причина не затоа што другиот партнер нема желба за тоа, туку едноставно другиот партнер смета дека сеуште сме неполно летни, односно сеуште не ги исполнуваме основните услови кои се бараат за таквите процеси. Значи, не е доволно за да се донесуваат вакви и слични акти за нашето политичко ангажирање и дијалог и дипломатски разговори во овој процес, туку многу е поважно за нашите активности во правец на исполнување на предусловите за добивање на таков третман. Едноставно Европа бара слободно пазарно стопанство, квалитет во корпусот на правата на човекот, слободни медиуми, реал но граѓанско општество, граѓански иницијативи и тн.

Второ што сметам дека е важно да се истакне, за да се здобие со подобар третман во процесот и интензитетот на интегрирањето на една земја во Европската унија или преодните процеси до Европската унија треба да се исполнат и други услови, секако дискусиите на Европската унија детално ги анализира за која земја и регија се работи, каква е политичката и безбедносната состојба во таа земја и таа регија, тука можеме да се запрашаме колку ние придонесуваме за статус односно оваа држава да се здобие со статус на ризична политички и воено ризична зона, а и регијата исто така. Јас не сакам да кажам дека ние имаме тотално влијание на тоа каква ќе биде безбедносната и политичката состојба во земјата, туку едноставно само тој дел односно можеме да се запрашаме дали правиме максимум можности во делот на безбедноста било на државата, било на регијата во целина. Значи, тука мораме да бидеме малку самокритични. Понекогаш свесно или несвесно ние знаеме да преземеме самоубиствени чекори во правец на тоа на нашата држава да и се даде белег на ризична зона, односно ризично безбедносна воена и политичка зона.

V/5.-

Значи, мораме да се ангажираме конфликтите или поголемите инциденти да ги снема или да ги неутрализираме со други методи. Секако различните изјави за одделни коридори исто така не одат во прилог на тоа дека сме безбедносна земја. Понекогаш знаеме да бидеме и контрадикторни во нашите испади, односно од една страна ние апелираме до странските инвеститори, односно странските вложувачи да инвестираат во Република Македонија, а од друга страна со нашите алармантни изјави практично на нашата држава и даваме белег дека сме несигурна држава и воено и политички, а практично и правно.

Важен сегмент се и односите со соседните земји. Ние имаме искуство во правец на тоа да ги констатираме овие односи понекогаш и да ги сатанизираме овие односи и така пред јавноста градиме имиџ дека ние сме земја која за жал сите не не сакаат или сите имаат некои претензии. Воопшто не се прашуваме што правиме ние за да не сакаат другите, односно кои се нашите активности, акции и тн. за да се поправи состојбата.

Трето, што сметам дека е важно, а беше делумно спомнато од претходен дискутант е прашањето колку реално ги почитуваме меѓународните норми кои веќе претставуваат дел од нашиот внатрешен правен поредок. Ние имаме ратификувано повеќе релевантни меѓународни акти, меѓутоа, во пракса изгледа резултатите се симболични или никакви. Ние мораме да сме свесни дека секогаш меѓународните организации не набљудуваат, односно тие перманентно вршат мониторинг над нашите односи и секако од резултатите на таквите комисии и мониторинзи ќе се здобие слика на Република Македонија во однос на исполнувањето на условите и за тие процеси.

Секако надворешната структура, односно надворешните субјекти ќе се зачудат кога ќе им објасните како ние го толкуваме членот 7 од

Уставот на Република Македонија, односно практично правото на службената употреба на јазиците на националностите го лимитираме само на ниво на интерната структура на локалната самоуправа, а наспроти реалноста на рамковната конвенција за малцинствата која предвидува право на комуникација на граѓаните таму каде што живеат во значителен дел и на јазикот на државната администрација и на нивниот јазик.

Врз основа на тоа со каков статус ќе се здобиеме во Меѓународната заедница, а и во Европската унија од таа слика ќе зависи нашето темпо, односно интензитетот на нашето членство во овие структури. Секако никој не сака дури и во приватниот живот да се здружи со партнер кој не е до крај чесен, односно нема чесни намери.

Четврто, нам сеуште ни недостасуваат важни механизми во корпусот на вклучувањето на основните права и слободи на човекот и тие механизми што постојат реално премалку функционира. Нам ни се потребни длабоки трансформации во државната управа, ние сеуште имаме неефикасна државна управа, дури може слободно да се каже имаме корумпирана државна управа, нам ни се потребни длабоки трансформации во полицијата и последните сменувања се позитивен чекор во тој правец и секако врз основа на овие наши чекори ќе се добие нашата позитивна слика или негативна и поинаку во начело ја поддржувам декларацијата и ќе гласам за неа. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Никола Г. Поповски.

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ:**

Почитуван Претседателе, господа министри, почитувани колеги. Односите на нашата држава со Европската унија се повеќе децениски.

Македонија како независна држава ги гради односите со Унијата многу интензивно и тоа на повеќе полиња политички, економски па дури ќе си земам слобода да кажам на полето на заеднички интегративни напори на континентот.

Нашите односи со Унијата во овој момент се формализирани, тие се формални, се разбира, на многу полиња и неформални односи. Само би сакал накратко да потсетам дека на формално ниво имаме три крупни датуми за одбележување или за потсетување. 1995 година кога воспоставивме дипломатски односи со Европската унија, 1997 година кога ја потпишавме и обострано ратификувавме Спогодбата за соработка со придружните спогодби кои од оваа година се на сила и мислам дека исто така на ова ниво е значајно и разните билатерални формални соработки и документи кои ги одржуваме со државите членки на Европската унија. Се разбира, многу се битни многубројните средби на сите нивоа кои ги одржуваме, можеме да се изјасниме и дневно со институциите на Европската унија. Меѓутоа, исто така може да се каже односите на Република Македонија за разлика од другите држави со Унијата во последните седум години се одвиваат, ако не звучи препесимистички, исто така и споро и отежнато. Само да потсетиме дека сепак нашата држава за разлика од другите ги помина односите со Европската унија така да кажам ударите на Лисабонската декларација, Единбуршката декларација, па дури ударот на тоа дека меѓу последните држави на континентот ја склучивме Спогодбата за соработка со Европската унија. Сега конечно можеме да констатираме дека односите добиваат логичен и нормален тек, дека се во добра насока и мислам дека е задоволство на сите страни и на македонска и на страна на Унијата и на страна на земјите членки на Унијата, па и пошироко отколку ова.

Сепак ќе кажам и тоа дека до сега Собранието формално не расправаше за одлука која согласно Уставот е задолжителна доколку изразиме желба за зачленување, не расправаше за одлука за зачленување на Македонија во Европската унија. Се разбира дека за ова има објективни причини и таа денеска не е на дневен ред, што мислам дека не е проблем затоа што имаме декларација по која се надевам дека ќе следува како иден чекор и одлуката, се разбира, очекувајќи го ехото на оваа декларација и во круговите на Европската унија.

Ние денеска всушност се изјаснуваме или се декларираме дека сакаме поинтензивен, побрз развој на односите со Европската унија се до зачленувањето на Македонија, како што се вели во точката 1. Знаејќи дека за тоа најмногу можеме да сториме пред се ние самите и дека развојот на настаните ќе зависи пред се од нас.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (продолжение)

За тоа се кажа за усогласувањето на законодавството со Унијата, за усогласувањето со политиката која се води, прифаќањето на постојната регулатива на Европската Унија и на државите членки без разлика дали е на национално или Европско ниво. И многу други проблеми за што ЕУ инсистира. Се разбира дека, за да се објасни што значат овие други усогласувања кои не се формално внатре во Унијата ќе наведам еден пример, за кој се надевам дека можам да кажам со сигурност. Ние сме членки знаете на Советот на Европа еве и г-динот Тахири во своето излагање ги потенцираше некои аспекти на нашето членување под друго подразбирам дека прифаќањето на стандардите на Советот на Европа и неговите примени во Македонија се еден од многу битните чекори за приближување кон Унијата. Ние со сигурност можеме да тврдиме дека во Унијата не може да се зачлени ниедна држава која не ги исполнува стандардите на Советот на Европа, како на организација која не ги исполнува стандардите на Советот на Европа како една организација, која иако не е организација на Европската Унија, меѓутоа една организација со која се филтрираат обидите за демократија на стариот континент. Се разбира дека ЕУ во својата историја, пред се како економска Унија, многу полагаше на тоа дека членките ги исполнуваат другите стандарди за демократија, за човекови права, за друга организација која и ден денес го задржува така да кажеме, филтрирањето на овие односи на државите членки пред да стапат во членството во Европската Унија. Ние ги исполнуваме овие стандарди во Советот на Европа и формално сме и членка. Инаку нема да бидеме. Јас сум длабоко убеден дека неисполнувањето на стандардите на Советот на Европа тешко можат да произведат членување во Советот на Европа. Меѓутоа, се разбира дека како и многу други, дваесетина други членки на

Советот на Европа ние имаме уште многу што треба да го завршиме. Нашето зачленување подразбира дека ние ги исполнивме основните услови за влегување во Советот, меѓутоа, има уште многу кои треба да ги исполниме и дека членувањето на Унијата е директно врзано со исполнување на сите овие други, кои се далеку повеќе од таканаречените основни услови за Советот на Европа. Само ќе ги набројам во една сосема друга расправа меѓутоа сум убеден дека е директно врзана и со нашето прилагодување кон Унијата во сферата на човековите права, во сферата на демократските вредности, во сферата на ефикасноста на државата, ефикасноста на судството, социјалните права сите од овие земји заслужуваат широка елаборација. Значи дека членството во Советот на Европа исто така значи и постојано унапредување на вредностите на функционирањето на една држава членка. Затоа Советот на Европа исто како и Унијата не подразбира дека зачленувањето е процес кој се случува и се затвара. Затоа што само од нашето зачленување во Советот на Европа да кажам месечно се продуцираат конвенции, резолуции кои ја обврзуваат и нашата држава повеќе или помалку меѓутоа има некои кои исто така државни членки треба да ги исполнат, како што беше на пример и последниот пат ова што во јавноста беше нашето учество и прифаќањето на надлежностите на Европскиот суд на човековите права врз територијата на Македонија. Тоа се се работи кои ги класифицираме од други меѓутоа кои директно влијаат на нашите односи и на Унијата која така гледа на овие работи. Можам да кажам дека ние после нашето пристапување и зачленување во Советот на Европа сме квалитетно поблиску до Унијата. Тоа членување нам таму многу ни помогна, лили го забрза процесот на нашето прилагодување кон законодавството во сферата на човековите права, поделбата на власта, демократијата и со тоа не приближи кон Унијата.

Мислам дека истото тоа треба да го прифатиме и како принцип за Европската Унија сама по себе. Се разбира дека сега е многу потешко зачленувањето за било која земја кандидат, особено на оние кои доаѓаат од просториите на таканаречена Централна источна Европа. Исполнувањето на критериумите мора да биде многу покондензирано, отколку за оние држави кои во процес на 30 години ги прилагодуваат во рамки на Унијата своите механизми. Па руги мислам дека беше многу полесно пред 15-тина години, за разлика од денес кога сите овие критериуми државите мора во трг да ги исполнуваат, во еден релативно краток можеби 5 до 10 годишен процес на прилагодување, она што се изведувало во друг систем во многу подолг период. Затоа ние не смееме да очекуваме дека нашето прилагодување ќе има таканаречен природен пат. Ние тој пат мораме да го форсираме, се разбира со сите проблеми и убавини кои условно произлегуваат од таквото наше прилагодување. тоа се разбира не само прилагодување на економско, туку и на многу други полиња, на монетарно, на полето на човековите права, безбедносните аспекти на оваа организација, се повеќе и надворешно политичките аспекти, правниот систем и други за кој исто сум убеден и ќе повторам дека можеби дека членството во Унијата апсолутно не претставува цел само за себе. Секое зачленување на >Унијата подразбира еден процес на континуирано долгорочно прилагодување, на бесконечно прилагодување на секоја членка, дури и на основачите. Веројатно во моментот кога ќе дојде времето ние да можеме сериозно да разговараме со Е.У. како страна за нашето членување веќе нема да биде прашање на Унијата дали некој прифаќа во монетарната Унија или не. Тоа ќе биде едноставно еден од условите, како што се сега некои други. Така да, и самите членки не се еднаш за секогаш. Членките на Е.У. се исто така предмет на дневен макотрпен процес на прилагодување на своите општества кон повисоки стандарди кои се остваруваат и се проектираат не само се следат целост во Унијата како простор. Затоа јас денешната

расправа најмногу и декларацијата ја сфаќам како давање на една изјава, како промовирање на еден став за спремноста, како што и во декларацијата стои динамизирање на самиот процес на нашето прила- годување кон она што е процес во оние општества кои можеме да ги наречеме и општеството на Европската Унија. Едноставно тој процес на динамизирање на прилагодување, не може да е ад хок на расправа во Парламентот ниту во Владата, ниту во ниеден друг државен орган. Тоа мора да е дежурна тема на сите наши седници. Едноставно не постои точка на дневен ред по која ние можеме да расправаме, а де немаме предвид, односно предлагачот најчесто, па и ние во Парламентот да немаме предвид дека соодветниот акт кој го носи Собранието нај- често закон едновремено одговарајќи на нашите потреби и стварност мора да води сметка и за тоа дека е минимум чекор поблиску до законодавството кое постои, ако е национално во државите членки ако е над национално ниво законодавство на Унијата, тогаш да е на тоа ниво, ако не е целосно идентично, тогаш да е чекор понапред од постојното и дека секое заостанување ќе бара многу повеќе време во понатамошниот период за да ги фатиме тие чекори.

Конечно убеден сум дека нашиот долгорочен опстанок на РМ е директно врзан со членството во Европската Унија. Се разбира, овој пат го користам терминот опстанок во смисла на квалитетен опстанок на државата и на сите нејзини граѓани. Без тоа мислам н нема квалитетен долгорочен опстанок на РМ и се надевам дека сите го споделуваме мислењето со колегите во Парламентот.

VI/5.-

Во декларацијата се разбира, можеби има простор за некакви интервенции кои најчесто на се од суштинска природа и мислам дека само би го оптовариле процесот на усвојување на Декларацијата во овој

Парламент и затоа дека мислам дека треба минимизираат интервенциите во самата Декларација. Та оваа цел, во нашиот развој на односите со Унијата исто така треба да констатираме дека е многу битен и фактот дека решавањето на односите со државите во регионот и во соседството е приоритетно значење. Лично се уверив, де надевам дека тоа се уверуваат и многумина од парламентарците на разни начини, Од директни контакти во учество во разноразни парламентарни собранија во кои наши делегации учествуваат, јас се уверив во Советот на Европа и лично дека европските институции не сакаат увоз на проблеми во своите институции за да потоа тие проблеми ги решаваат внатре. Едноставно тоа за нив е многу скапо, бара многу време, ги кочи процесите и механизмите на одлучување и ја блокира интеграцијата на континентот понатаму. Нормално следи дека сите проблеми билатерално во државите пред зачленувањето во ваквите организации треба да бидат решени. За тоа треба да се бара помош, меѓутоа не можеме да очекуваме дека внатре ќе се решаваат проблемите. Едноставно тоа за нив е веќе неприфатливо. Многу се усложни европскиот континент, многу се држави, многу се проблеми, проблеми со своите соседи, проблеми со своето опркужување можат да претендираат дека ќе бидат ефективно вклучени директно во процесите на интеграција на стариот континент. Затоа мислат дека ние сме должни да ги решиме ексанте, а не акспост проблемите. Се разбира дека и тоа е еден долгорочен процес на вклучување на Е.У. и ќе земат веројатно повеќе од една деценија. Тоа треба да се работи забрзано со забрзано темпо за да достигнеме некаква цел по завршување на првата деценија од наредниот век можеме реално да сметаме на наше зачленуваше. Треба да го

користиме и искуството на земјите кои го поминуваат нашиот пат, за среќа многу побрзо од нас и од нив треба да учиме. Државите како што се од групата на вишеградските земји државите од таканаречен Балтички корпус на поранешните советски републики. тој пат го минаа побрзо во последните 7 години направија поголеми чекори со побрза динамика и успееја да се приклучат на возот кој веројатно во XXI век на почетокот ќе може сериозно да размислува за нивно интегрирање целосно во Унијата. Тоа искуство се разбира за нас многу драгоцено.

На крајот подржувајќи ја и експлицирајќи што тоа искуство значи, поддржувајќи ја Декларацијата сакам да потенцирам на две точки Точката еден која по моето сеќавање не успеав тоа да го коментирам, меѓутоа сум прилично убеден дека прв пат Собранието во својот документ утврдува дека членството во ЕУ. За македонската држава претставува стратегиска цел и второто, каде што Собранието се изјаснува во точката 2 дека се залага за процесот на имплементација на критериумите на Европскиот Совет во Копенхаген 1993 година кои се таму експлицирани и ги знаеме, нема потреба да се објаснуваат. дури мислам дека оваа Декларација има и понекаде оперативен карактер кое типично за точката 10 каде што Собранието со усвојувањето решава да формира координативно тело за Европските интеграции во РМ, мислам исто тоа е една олука за поздравување, затоа што повторно потпирајќи се на искуството на оние држави кој го поминуваат нашиот пат, едноставно тие тела постојат секаде, од причини за прилагодување на своето законодавство.

Од овие причини оваа Декларација колку и да звучи формализирано, се разбира дека значи одржување и зајакнување на кондицијата на РМ за постапно прилагодување кон Е.У. и во таа насока јас ја поддржувам Декларацијата.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе на државата , почитуван претседателе на Парламентот, господа министри, колеги пратеници,

Бидејќи дискусијата поодмакнува во разни сфери јас низ шест точки кои содејствуваат со Спогодбата за соработка со Е.У. ќе ја прокоментирам предложената Декларација.

Најнапред сакам да го изразам моето задоволство што пред нас го имаме и расправаме за еден таков документ за кој што е Декларацијата за развој на односите на РМ со Е.У. Расправата за ова важно прашање не става во ред на оние кои имаат и го негуваат парламентарниот дијалог, кореспоdентен на европската пракса, нашите стремежи се таму.

Пред неколку дена во Стразбург на седницата на Парламентарното Собрание на Советот на Европа, на тоа ме потсети уважениот член на Европската комисија г-динот Ханс Вандер Брук. Според неговото искажување, ќе го цитирам, ништо не е толку важно за процесот за натамошната Европска структура, интеграција и проширување, колку што е држењето на нашите демократски тела, а проширувањето колку што е особено парламентите добро информирани за сето тоа за да можат да бидат ангажирани во тој процес преку еден константен дијалог.

VI/8.-

Второ, познато дека ние како другите балкански народи на овој простор премногу сме обременети и не обременува историјата. Имаме повеќе прилики да чуеме и во овој дом и кога расправавме за оваа Спогодба, зошто досега не сме и што не доведе во оваа ситуација дури сега да имаме спогодба со Европската Унија. Преблизу сме на самите настани ние немаме познатата дистанца целосно да ги видиме и пресудиме причините за дадениот целосен одговор на прашањето зошто дури сега. Можеби е подобро таква оценка да дадат другите кои се помалку оптоварени со состојбите, па ќе потсетам на една таква дадена изјава од страна на Клаус Фон Хелдон прв официјален претставник на Е.У. на есен нашната средба во РМ. Цитирам. Мојата задача е да дадам дека Европската Унија има позитивен однос кон нас, беше расположена да направи се за да дојдеме до нивото кое е неопходно за да се соочите со Европското ниво. Затворен цитат.

Трето, еднакво ако не и повеќе важно е што треба ние да направиме, односно можеме ли расправите за минатото и пропуштеното да ги замениме со прагматски однос. За тоа што можеме и што треба да сториме сега. Крајната цел на Спогодбата за соработка со Е.У. чие стапување во сила е непосреден повод за денешната седница е да се доближиме до големото европско семејство и да бидеме третирани еднакво со другите која ја минале фазата на договорот на односи со Е.У. во која ние се наоѓаме. Што нуди и што треба ние да направиме на најдобар начин да ја искористиме оваа прва спогодба за Е.У. Пристапот до 150-те милиони е за патната инфраструктура и за олеснување на извозот претставува силен инвестиционен импулс. Воспоставувањето на институционализираните политички контакти, сега ни овозможуваат редовен и поинтензивен политички дијалог. Спогодбата е погодна рамка за развој на односите со Унијата, меѓутоа задача ни е таа рамка да ја исполниме со содржина, реформирајќи го нашето стопанство и прила-

годувајки го на Европските стандарди и Европската конференција и зацврстувајќи ги демократските процеси кај нас.

Четврто, посебно сакам да укажам за значајните констатации на Министерскиот Совет на Е.У. при усвојување на Спогодбата и на минатогодишната изјава на Е.У. во доменот на човековите права, а особено за меѓунационалните односи и правата на малцинствата.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:** (Продолжение)

Ние сме повикани да го негуваме дијалогот и да го спречуваме секое идно влошување на ситуацијата, која може да доведе кон насилство. Апелирано е и на почитување на одлуките на демократски избраниот Парламент и Уставниот суд, а поздравен е како фер компромис Законот за употреба на знамињата. Она што од нас се очекува е извештајот на Анкетната комисија за настаните во Гостивар и Тетово. Тоа треба да го сториме и заради нас самите.

5. Што ние очекуваме од Европската унија и зошто ја поддржува оваа Декларација? Тоа го изразивме во Декларацијата, чиј што еден од подносителите сум и јас. Сакам да биде познато дека и пратеничката група на Социјалистичката партија е едногласна во стратешката политичка определба за приклучување кон Европската унија. За тоа на секоја страна спремни сме секогаш да придонесуваме, пред се во хармонизирање на нашето законодавство, создавајќи општ, правен и политички амбиент, кој ќе не доближи до Европа. На парламентарен план очекуваме по изразено институционализирање на односите со Европскиот парламент и воспоставување на мешовит комитет за меѓу-парламентарна спогодба. Се надевам дека таков чекор може да биде преземен веќе при првото разгледување и ревидирање на оваа Спогодба. тоа би било согласно и со изјавата на г-ѓа Пак, претседателка на Делегацијата на Евро парламентот за Југоисточна Европа. Дека се подготвени да не третираат и да се однесуваат кон нас како да сме земја потписник на договорот со европска клаузула.

6. Ја користам оваа прилика да ја изразам поддршката на определбата за создавање на посебно парламентарно работно тело за процесот на европското и евроатланското интегрирање. Станува збор за сложен процес за кој навистина ни е потребно усогласување за клучните прашања во настапувањето во меѓународните и парламентарни форуми

и во вкупната наша меѓународна активност. А ова тело сметам дека ќе може да ја координира и усогласува таквата активност. Секако, дека со тоа нема да бидат отстранети некои опструкции, но ќе биде јасно издиференциран заедничкиот интерес и доминантната определба за нашето Собрание. Се надевам дека ова тело ќе биде и место за утврдување на инвентивни иницијативи за меѓународна парламентарна активност за наше интегрирање во Европа и во евроатланските структури. Тоа не е некоја новина туку добро позната применувана и ефикасна пракса во парламентите на оние кои го минале и го минуваат овој долготраен пат.

Од тие причини, парламентарната група на Социјалистичката партија во целина ја подржува Декларацијата за развој на односите со Европската унија и ќе гласа за неа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседател на државата, почитуван претседател на Собранието, почитувани дами и господа, денес пред нас е Декларација за унапредување на односите на РМ со Европската унија. Еве, овде јасно да искажам уште еднаш и како човек и како парламентарец и како граѓанин Албанец на РМ, и порано и денес, јавно изјавувам дека сме цврсто определени за таа Европска опција. Не само што сум цврсто определен, туку макотрпно и секојдневно работам да се створи навистина убедување дека перспективата на РМ и на граѓаните на РМ е

токму во таа Европска унија. Зошто тоа го мислам? Лично јас ова го мислам од една многу јасна побуда, едно искажано научно мислење дека перспективата на малите народи е во големата локомотива на големите народи. Во спротивно, постои реална опасност тие мали народи да се најдат на слеп колосек и како такви тие тука и да гнијат. Несакајќи и една таква положба на РМ, па и на самите Албанци како граѓани на РМ, јас мислам дека нашата определба е многу јасна, цврста и трајна.

Истовремено, длабоко сум убеден дека овде сите ние малку претерано афирмативно зборуваме за таа Европа и за таа перспектива во Европа. заборaваме да кажеме дека сепак многу јасна е филозофската изрека дека патиштата кои водат до рајот минуваат низ пеколот. Јасно овде треба д проговориме и како пратеници и како граѓани на оваа Република Македонија дека порано или подоцна ќе мораме да се соочиме со вистината дека тој трновит пат да го поминеме. Моето убедување е дека сеуште ние се задоволуваме само со некои стерилни декларации, се декларираме дека сме за ова, за она, а фактички ништо не преземаме или малку преземаме тој пат конечно и ние да почнеме да го одиме.

Кога го велам ова, пред се, имам на ум одредени искажувања од одредени политички партии и политички лидери. Тие другите кои не набљудуваат и кои цело време не надгледуваат многу јасно знаат да ги прочитаат тие наши пораки меѓу редови. Тие другите кои не набљудуваат често пати ни праќаат порани и упатства што треба ние да направиме за да дојдеме до таа цел. Ние сме или глуви или не сакаме да ги слушаме. Долго време одделни политички прашања кои бдеат во РМ немаме политичка храброст конечно да ги ставиме на дневен ред па да видиме дали ние како граѓани, како парламентарци сме определени да го помине тој трновит пат. Реков, се задоволуваме само со таа декларативна изјава. Но, другите на тие наши декларативни изјави вака

ни одговараат. Во една прилика еден наш дипломат изјавил дека во РМ 90% од граѓаните се определени за НАТО. А тој едноставно му одговара: "тоа е комунистичка фраза". Колку се граѓаните на РМ определени за НАТО и Европа вие ќе одите таму добро да проверите. Многу јасно нам ни беше укажано на слабостите. Сеуште тие слабости на кои ни беше укажано не наоѓаме храброст да ги ставиме, на дневен ред. Сеуште едно многу значајно прашање за решавање на меѓунационалните односи како што е високото образование не наоѓаме храброст да го ставиме на дневен ред и да се преиспитаме дали навистина имаме способности тој пат да го поминеме. Сеуште не наоѓаме храброст јасно и гласно да кажеме дека извршната власт сеуште нема потполна парламентарна контрола. Нам ни се случуваат такви случаи како што беше Гостивар, а ние немаме контрола над тие 2 инструменти на сила и моќ, како што е војската, како што е полицијата. Сеуште ги убедуваме другите кои ни укажуваат на слабоста дека Законот за локална самоуправа треба да се подобри и дека треба да се врши децентрализација на власта и ги убедуваме дека е тоа со политичка одлука, затоа што да не даде Господ, ако на таквите им дадеме поголема власт, ќе дојде до расцеп, ќе дојде до отцепување и незнам што.

Господа пратеници, сите ние сме сведоци дека денес во Тетово функционира еден универзитет за кој упорно ги убедувавме е политички проект. Упорно ги убедувавме дек со тој универзитет дојде до федерализација, до расцеп на РМ. Тој 4 години функционира ниту се расцепи РМ, ниту се федерализира. А ние немаме храброст да кажеме дека навистина тој е потребен. Дури тогаш и нас како Албанци, како граѓани на РМ ќе ни дадете права можност колку сме лојални граѓани на РМ. Јас мислам дека ние многу од тоа дадовме, направивме еден огромен скок, огромна политичка смелост беше кога меѓу другите

политички партии се определивме за независна РМ, иако во тоа време имаше и такви размислувања дека иднината на Албанците на Балканот е во некои други проекти. Ние имавме толку политичка храброст да кажеме "не" затоа што тоа е политичка и затоа што тоа е европска определба, а ние цврсто се определивме за таа европска определба и дека сите тие отворени проблеми ќе ги решаваме низ институциите на системот, низ тие институции кои сами ги создадовме и за кои цело време учествувавме при создавањето.

Денес мислам дека е време да се преиспитаме и навистина во реални услови д видиме колку сме подготвени таа цена да ја платиме. Во спротивно, моето длабоко убедување дека Европа е една голема куќа, во една голема куќа обично има и пријавница, има и чекална, има и убави салони, има и контејнери и визби. Каде ќе ни биде местото во таа огромна голема куќа Европа сами овде ќе си ја определиме судбината, затоа што има една многу добра филозофска мисла: ние се определивме за слобода, а таа слобода е подобра отколку ропство со среќа. Слободата на одлучување е наша, ние ќе го определиме местото каде ни е во Европа, со тоа што овде јасно, гласно, аргументирано ќе ги отвориме сите тие проблеми, ќе расправаме до крај додека не ги решиме и без проблеми, како што рече г-динот пратеник во Парламентот на Европа, тие не бараат таму да им однесеме проблеми, проблемите овде треба да ги решаваме. Таму бараат само чисти сметки, способна држава која ќе се фати во конкуренција, која ќе ги прифати критериумите кои ги напишала таа, дека проблемите се решаваат со толеранција, меѓусебна доверба и слично.

Инаку, на неколку пати ние бевме бомбардирани од клучни личности во Републиката со некои изјави што навистина и за мене како пратеник, кој во моментот сум некој професионален политичар, ме изненади. Добивме информација дека во Републиката, а во последно време и медиумите многу тоа го користат, се создава некој коридор во РМ и тоа ние сами баравме да го има коридорот. Дали ние размислува^ што значи тоа, дали со тоа ја зацврстуваме позицијата на РМ како потенцијален кандидат за Европската унија, дали ние не размислуваме дека со тоа ние се солидаризираме со една опасна политика, која проблемите спротивно на одредбите на Европската унија ги решава со етничко чистење и слично. Дали ние размислуваме за психолошките ефекти кои ќе ги дадеме внатре во РМ? Мислам дека овие и сличните изјави наместо да придонесат за зближување на РМ кон Европа, тие не оддалечуваат.

Иако уште на почетокот реков дека цврсто сум определен за таа опција, затоа што мислам дека друга алтернатива не треба да има РМ, декларацијата како таква лично ќе ја поддржам, но со тоа што оваа декларација уште утре да почнеме да ја операционализираме и да дадеме цврсти докази дека тие задачи и определби и на дело ќе ги оствaруваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Вангелов.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Г-дине претседател на Република Македонија, господин претседател на. Парламентот, господа министри, господа пратеници и пратенички, ќе се обидам да кажам нешто, можеби поинаку од ова што беше изразено како, така да се каже, општа надеж, во нашиот подобар живот, нашата подобра иднина, нашата така да се каже конечна среќа откога ќе влеземе во ЕУ или заедница. Се разбира, тоа е реалност и ние таа реалност мора да ја оствариме, затоа што во таа реалност постои еден квалитет на живот, еден квалитет на меѓусебни односи засновани врз основа на демократија и толеранција, еден принцип на стрпливост на уважување, на комуникација и конечно политика на решавање на проблемите преку разговор, преку дијалог> со други зборови на еден начин на спогодба, а не со силата и моќта на оружјето. Тоа е таа слика која ние си ја замислуваме и тоа е таква реалност, сите кои одат во Европа, од време на време одиме и ние, со г-динот Поповски како членови на Советот на Европа, понекогаш пожелуваме тоа да се случува и кај нас на Балканот. Знаете, кога ќе поминете да речеме преку границата за Стразбур меѓу Германија и Франција тоа се земји кои имале долгогодишни и вековни борби, вам ви е познато дека Алзас е една област чиј главен град е Стразбур која минувала час во германски раце, час во француски раце и обратно и тн. и не случајно Советот на Европа е позициониран точно во Алзас и точно во Стразбур. Содржи тоа извесна

симболика. Она јаболко на раздорот со векови одеднаш треба да стане таканаречено врзовно ткиво или јаболко на сплотување на разедништво, на разбирање, а без заедништво, без разбирање, без мир конечно неможе никој да се надева на благосостојба и на квалитетен живот, затоа што се друго е против животот и се е насочено кон разурнување и на неговата деструкција. Ние тоа го доживуваме како еден вид, така да се каже, драга и добра иднина за сите нас, но таа драга и добра иднина за сите нас ни од далеку не изгледа така како што самите сме склони почесто да си ја претставуваме во нашата свест, затоа што, ќе бидам слободен да кажам, мислам дека сите ние располагаме со еден, така да се каже, инстинкт на надеж кој што треба да биде покритие за тоа што избегнуваме да го правиме односно да го работиме во својата професија таму каде што можеме најдобро да го покажеме односно да се покажеме како продуктивни луѓе во овој свет и овој момент. Кратко речено, ако само се надеваме, ако се пропуштиме на слатки надежи, ние практично ја препуштаме работата и маката на некој друг. Нека биде тоа парламент, нека биде влада, нека биде некој така да се каже водач кон кого ќе изградиме харизматски однос и тој треба да ни ги реши сите наши проблеми. Се разбира, во животот не е никогаш така. Сите проблеми мора секој сам поединечно да ги решава, секоја држава од голема до мала ќе мора сама да ги решава своите проблеми, согласно со тоа ниту Европа, ниту ЕУ нема никогаш да ги решава нашите проблеми, туку од нас ќе бара готовност да се соочуваме со своите проблеми и да ги решаваме на квалитетен и продуктивен начин. Тоа е првиот услов и во таа смисла оваа Декларација треба да ја поддржиме, затоа што не притиска да се свртиме кон самите себеси. Затоа, јас ја разбирам неа не толку колку така да се каже извесна телеграма до европските авторитети, со која има кажуваме дека ете од овој момент ние почнуваме да се готвиме и да работиме според оние модели кои се покажаа како

ефикасно за вас и светот. Не. Јас оваа Декларација ја разбирам пред се како порака до самите нас, јас ја подразбирам пред се како еден вид автомобилизација, меѓутоа, автомобилизација пред се подразбира лична и персонална дисциплина, лишување, одговорност за другиот исто толку и за себе, со други зборови, многу повеќе труд и мака, а многу помалку очекување и вера. Со самото тоа што јас изјавувам дека сум согласен да прифатам еден таков тип на однесување, со тоа ги решавам проблемите.

Сега повторно ќе се вратам на тој момент во Европа кој сите нас не возбудува, не привлекува и ни се чини дека со самото стапување во тоа,се разбира по исполнување на многу услови, одеднаш ќе се решат сите наши проблеми. Тие нема да се решат доколку ние не ги решиме, а еден од условите е да не се решат. Тие не се решаваат така лесно, така едноставно и така да се каже со некоја општа согласност, откако сме решиле да ги решаваме. Напротив, тие проблеми се решаваат на тој начин што ние ќе го измениме нашето однесување. Промени на однесувањето има тогаш кога јас верувам во постапките на мојот пријател или на мојот партнер или на мојот соработник, но јас ќе престанам во тие постапки во оној момент кога тој ќе ја изневери мојата вера. Со други зборови, и толерантноста и довербата и увереноста имаат свој праг на употребливост, свој праг на валидитет. Ние сме сите склони да речеме кон институт толерантност, но треба добро да знаеме и толерантноста има една своја особина која ние најчесто, а можеби и секогаш сме склони да ја превидуваме. Човекот престанува да биде толерантен во оној момент кога се загрозува неговиот живот.

VIII/1 СС/ЛБ

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ**: (продолжение)

Ние сме толерантни само по однос на оние работи што не го загрозуваат животот и однесувањето на еден човек. Во еден момент, кога на пример ќе си допуштам оваа антрополошка ситуација да ја воопштам, во еден момент ако едно општо однесување загрозува еден државен ентитет, една целина, во тој случај престанува толерантност затоа што функционира веќе само одбрамбениот механизам, т.е. државата мора да се брани.

Европа мина низ сето тоа. Европа мина речиси 200 години низ крвави војни, низ верски војни, низ тероризам, низ нетрпеливост. Европа, конечно, направи две светски војни што се водеа на ова тло, односно на Балканот. Европа го вклучи, дури и Балканот во тие две светски војни и, како што ви е добро познато на сите вас го употребуваше како жива биолошка маса затоа што и во двете светски војни Европа располагаше со вооружена техника. Таа даваше техника, а балканските народи служеа како манипулатори на тие технички погодности и средства, и, се разбира, гинеа на своите терени.

Европа ја промени својата филозофија и го постигна овој модел на ефикасност и во економскиот и во социјалниот и политичкиот живот по цели 200 години, затоа што треба да се знае дека европска- та идеја, точно таква каква што постои сега или замисла е формули- рана кај еден филозоф Кондор Се и тој е директен учител на Сен Симон, на тој социјал-утопист. Вие тоа многу добро го знаете, по- добро и од мене.

Цели 200 години по Кондор и проектот на Де Гол, дури сега почна да функционира тој модел. И, се разбира, ние тоа мораме да го имаме предвид. И, ако го имаме предвид мораме да знаеме пред какви се тешкотии сме исправени и што треба се да правиме, секој поединечно. Не е доволно ние да изјавиме само дека се согласуваме да го

практикуваме Европскиот правен, економски, образовен, ако сакате после модел на однос меѓуетнички и тн. за да едноставно тоа ни успее..

Треба да имате предвид дека Европа и тоа во оние држави кои ние денеска ги земаме како пример за развиена демократија, за развиена економија, за квалитетни социјални односи, образовни и тн. има не помалку проблеми отколку што имаме и ние. Еден од крупните проблеми на сегашна Европа е, на пример, расизмот, кој во голема мерка е во пораст. Еден од крупните актуелни проблеми на модерна Европа е исто така нацизмот, кој исто така се сметаше дека е победен во 11-та светска војна. Меѓутоа, тој има некој вид регеративна моќ.

И, кога европските учени луѓе се прашуваат зошто е тоа така, одговорот го наоѓаат во еден концепт на самата демократија. Тој концепт на самата демократија што почесто нас не привлекува и по- често ја обожаваме, така да кажам, содржи, според нив, една круп- на генетичка грешка што мора да се решава секој ден константно затоа што и демократијата не е идеален систем. Не е идеален систем едноставно затоа што е реален. Ако е идеален ќе биде универзален, отсутен од било кое време.

Генетичката грешка на тој демократски систем е што на пример човекот од една страна е склон да укажува доверба на својот собеседник или партнер, но од друга страна е склон прво себе да си укажува важност и почит, а дури после нему.

Со други зборови, тој тип на односи меѓу луѓето што е длабоко вграден во европската култура воопшто произлегува од една филозофија што се прошири во Европа, а тоа е филозофијата на моќната држава на која треба да и служи секој граѓанин.

Европа го промени тој концепт и од кога го промени тој концепт дека државата е бог а не граѓанинот а не човекот, од кога ја прими идејата дека човекот и животот т.е. граѓанинот е единствена највисока и неповторлива вредност дојде до можноста да се интегрира т.е. да го напушти концепт дека секоја држава на друга држава е конкурент, опасност, ја загрозува и решението е во само во судир, во соперништво и други изгледи нема. т.е, тоа води кон војна-

Сега е клучното прашање за нас, прашањето дали се промени Балканот?

Балканот е, како што ви е познато, составен од стари народи Тие стари народи имаат дури и постари култури од некои европски народи. Културата е важен елемент за секој народ, затоа што таа учествува во моделирањето на, т.н. колективен идентитет. А, неможе да се реализира. Тоа многу подобро го знаат лекарите овде , г-дин Богдановски и г-ѓа Куљан. Неможе да се реализира ниту еден индивидуален идентитет без компоненти на колективниот идентитет во кој спаѓаат историја, јазик, модели на херојства на однесување, односно луѓе кои ги паметиме, т.е. нашите блиски во крајна линија според кои практично го моделираме своето однесување.

Тие народи , за жал, во тек на многу околности не успеаја да го реализираат тоа што во тек на 200 крвави години и успеа на Европа. Со други зборови, на Балканот се зборува за еден ретрограден процес и тоа ретрограден процес е конкурентност помеѓу, така да кажам, стари култури кои имаат големо паметење.

Тоа се случи. Тоа неможе да се поправи. Изби војна на Балканот. Овој пат не дојдоа светски сили да војуваат на Балканот туку балканците меѓу себе направија војни. Тука веќе не може ништо да се поправи освен да се извлече една лекција. Нема потреба сега 1998 година да се

повтори таа слика од 1993 или од 1994 година. Ние можеме и мораме да скокнеме некои фази. Не мораме на ист начин да ги повториме грешките било на големите европски земји што се водечки сега, било на големите европски земји, било на помалите. Ние мораме пред се, и повторно се враќам на почетокот, да ја најдеме својата автомобилизациона моќ што подразбира, пред се, доверба во другиот толеранција, самоидентификација преку доверба и толеранција или, како што почесто имаме обичај да кажеме , модел или тип на однесување што подразбира соживот. Но, јас би бил уште порадикален во тој поглед бидејќи сметам дека соживотот е прашање на избор на еден човек и друг, а не на една етничка целост кон друга.

Ако тоа ние го направиме, а треба секој во себе прво да го направи за да го прави надвор од себе, јас верувам дека многу по- брзо ќе ги решаваме нашите проблеми што постојат тука и, дека конечно ќе се вклучиме во она што е реален живот, што секој го посакува, кон кој секој се стреми, затоа што конечно секој човек има само еден живот на овој свет. Тој нема живот да го потроши за нешто друго за да може во следниот живот да го живее тоа што евентуално го потрошил, го пропуштил во својот живот и на тој начин да ја поправи својата грешка.

Ова не се мои мисли, ова се мисли на еден славен писател, тоа е писателот Милан Кундера.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, г-дине Глигоров, почитуван претседателе на Собранието, почитувани колеги и министри,

На неколку наврати претседателот на Собранието ми прави иле, ми дава збор после професорот Вангелов и со негова реторика јас сега морам да конкурирам. Неговата елоквентност неможам да ја достигнам, но, сеедно. Добро, се шегувам.

Мислев само да кажам дека со задоволство ги слушнав неговите антрополошки и филозофски опсервации и во врска со темата за која расправаме и мислам дека и тие се корисни како една појдовна основа еден вид на размислување за овие работи за кои расправаме.

Бидејќи и јас го сметам овој миг на прифаќање на оваа декларација како голема политичка обврска и определба, но и како свечен чин на овој висок дом, мислам дека доста работи се кажани. Сакав само да укажам на некои наши задачи, а и некои проблеми што се општи.

Прво, мислам дека е добро што овде се изразени определбите наши за битни прашања што ги сметаме дека се релевантни за доближување и подоцна учленување во Унијата. Добро е што во неколку точки укажуваме на нашата решеност по однос на прифаќање и остварување ан стандардите што се до се га на релевантни документи на Европската заедница зацртани.

Но, тоа што ќе го кажам не мислам дека мора веднаш да се интегрира во повелбата. Бидејќи формираме тело што ќе работи на тоа да ги следи и доградува работите, мислам дека нашата расправа да биде во прилог и на тоа за работата и за програмирање на работата на тоа тело. Па, затоа не сметам одвишно да се кажат некои работи.

Значи, покрај овие желби и определби, мислам дека би требало во иднина во нашата работа да се изразат и некои наши очекувања во однос на самата конституција, самото делување и самиот живот на Европската заедница.

Ние не смееме да имаме постојан приод како да е сега таму, во моментот , се идеално. Многу и од колегите овде укажаа дека Европа има сеуште и самата многу проблеми, па дури ониe 15 членки што се во заедницата. Кога би имале некој точен барометар да из- мериме колкав е степенот на нивното единство сега, во моментот, а колку има уште работи за кои што не постои меѓу нив единство, незнам која страна би натежнала.

Затоа, за нашиот пристап и за нашиот од кон таа заедница ние мораме и овие разлики постојни во таа заедница да ги следиме. Не да ги земеме како ад хок или како да не постојат. И сега, освен општите разлики, мораме да бидеме свесни дека постојат и разлики и во однос на нас и на Балканот воопшто и на Македонија како таква. Нашиот 6д мора да биде исто така трасиран и со проучување на тие проблеми и едно по едно отстранување на тие пречки што од такви различни гледања во самата таа заедница произлегуваат нашите.

Затоа, мислев дека можеби и имаше место за некоја реченица во смисла на очекување од Советот на Европската заедница односно од Советот на министрите односно од органите на ЕУ. Затоа што ние со нив и се судираме, а верувам дека понатаму исто така ќе дојдат до израз.

Друго, мислам дека по однос на нашите задачи за внатрешните состојби, иако овде во една така генерална генерација само генерално можат работите да се изразуваат, сепак, ние наши некои модалитети требаше да внесеме или ќе треба да ги внесеме во програмата за работа на тој посебен орган што ќе постои, а се на пат за реализација на стандардите на Европа, но се од природата на нашата состојба, на нашата реалност, а не некоја средноевропска предвидена состојба или северноевропска или балтичка состојба.

На пример, нашето законодавство дека ќе биде усогласено со законодавството на Европа, тоа не значи дека само ќесе копира од законодавството на Европа. Туку, согласно од духот на тоа законодавство треба нашата реалност да биде вграден во тоа законодавство и тн. Да не земаме од друг пример да кажам дека овде некои колеги беа принудени да кажат и некои конкретни примери за некои конкретни барања да се внесат во декларацијата, за што верувам дека се свесни дека неможат да влезат бидејќи таква дикција нема декларацијата и немаат декларациите да се внесуваат поедини проблеми.

Меѓутоа, си замислувам, бидејќи Европа не знае какви сме, а не какви сакаме ние евентуално да не претпоставува, туку знае реално какви сме, дали ќе беше добро и за самата декларација да се кажеше дека сме определени да работиме на урамнотежување на состојбата во Републиката во областа на образованието и културата. Со оглед дека е реална состојбата дека таа неурамнотеженост е наша реалност. А, замислете ги критериумите на Европа сигурно ќе бара таа урамнотеженост да биде за сите граѓани барем приближна, ако не и еднаква. Оти, не верувам дека ќе ги прифатат само статистичките, условно да кажам, податоци што се однесуваат само на еден дел, па макар бил тоа и поголем дел од популацијата. Ќе бараат и структурираш статистичка состојба во Републиката, конкретно во областа на образованието, на културата, издаваштвото, на информирањето и тн. и тн. Мислам дека ќе беше квалитет на декларацијата да беше таа финеса односно таа одредба што е и наша определба, а верувам дека и мора да биде и ќе биде , ако не сега, а верувам дека голем дел тоа го делат како мислење, дека ние европизирањето на културниот амбиент во цела Република мора да биде главна задача како еден од битните предуслови за наше вклучување во Европа и сите негови агенции.

VIII/8

Сакам да кажам само неколку сугестии, со определба дека декларацијата во точката 4 внесува некои нови квалитети што отвораат пат за ова за што се залагам координационото тело и другото наше програмирање да се заложи и , во таа смисла предлагам да се прифати декларацијата. Но, да се ангажираме нашите конкретни работи навистина конкретно да пријдеме кон нивна реализација во смисла на тоа што се европски стандарди, но од наши услови тргнувајќи, а не некои идеализирани услови што ги имаат другите.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Абди Фаик.

**АБДИ ФАИК:**

Почитуван г-дине претседателе Глигоров, почитуван претседателе на Парламентот на Македонија, дами и господа пратеници, почитувани министри,

Повеќе од сигурно е дека денеска разговараме за една многу чувствителна и многу важна тема што бара едно широко познавање на сето она што се случува и кај нас овде и уште повеќе познавање на сето она што се случило и случува во просторите на Европа и пошироко.

Со нашето осамостојување кое беше многу тешко, сите знаете и граѓаните на РМ и Европа знае, се стремевме да бидеме во заедницата на народите во Европа. Така да се култивираме да го заборавиме минатото поради тоа што бевме под петвековно и тн. некое си ропство поради тоа што две светски војни поминаа низ нашите глави тука и додека се боревме за некоја си слободичка , луѓето се богатеа, создаваа колонии, заедница на народите, да речеме Команвелтот, а ова не е

Команвелт, Европската унија. Така, ние малите останавме мали. Мали во се. Па дури , неможеме да се разбереме толку малку народ овде. И, сето тоа е нормално. Јас верувам дека на европско ниво и државите што се членки на Унијата и тие имаат свои грешки но тие не бараат прием кај нас. Ние бараме прием кај нив.

Колку. за ваше информирање, има една огромна плеада од луѓе народ, жив народ кој е роден да дише воздух и да живее, бркани од земја во земја, без пасоши, без средства за живеење, малтретирани, кои не ги третирале за луѓе, тоа се ромите.

**ФАИК АБДИ:** (Продолжение)

Веројатно, во тој Европски парламент од Македонска унија, Европски совет ќе се разговара за оваа раса, која што придонела многу по својата прапрестолнина Индија по ширењето и по приемот, по примањето на културата.

Ние овде во Македонија мора да признаеме дека овој документ што го имаме пред себе го знаеме, и сме го имале односно документите на Европската унија, преведени од англиски на македонски. Ги знаеме сите постулати врз кои се базира односно членството во Унијата и ние не можеме да измениме ништо таму, ние може да се измениме само себеси за да бидеме во придружност, односно членки. Тоа е за да го почувствуваме благодетот на светот без граници, на Европа без граници затворени ништо не правиме. Дали ќе појдеме од општото за да одиме кон Македонија, кон посебното и во Македонија какви се односите зашто и овде има такви, има мали, малку поголеми и најголеми ич неразвиени, малку поразвиени и најразвиени. Тука на нашево поднебје, а тоа значи дека имаме верба во овој документ дека РМ со овој документ за кои разговаравме уште пред Нова година и го пот- пишавме како колационен партнер, а и другите политички партии кои се вон Парламентот, мислам дека треба да ги прифатиме и просто да чекаме само на позитивни одговори односно позитивни работи и може ама баш без никаква неуроза или рудиментираност, опростете на овие термини, да влеземе таму каде што ни е местото со тоа што сите наши разлики што постојат внатре овде во Македонија.

Во од лека полека како ќе се развијат, што повеќе ќе се продлабочат демократските односи, ќе се развие економијата во РМ, така ќе се решаваат прашањата како што реков и вчера нешто, сигурно

ако седнеме да разговараме бе се разбереме за сите работи. Јас верувам и денеска и со овој документ како доказ дека внатре пишува нешто и за мене, јас сум припадник на националност дека и за мене ќе се разговара, не само за Албанците, и за Ромите и за Власите и за Турците ќе се разговара и за Муслиманите и за Србите. Ќе се разговара за сите граѓани на РМ. Но, прашање е дали за сите одеднаш и дали за се одеднаш ќе се разговара, без мализација и без минимизирање.

Знаете дека, да не речам научивме и странски зборови имплементации од Дејтон, а и ова да го речеме оживотворување на овој документ кој ќе придонесе за побрз развој на нашата самосвест. Со мешањето на културите на народите човекот се оплеменува себеси, а никако за затворање. Заради тоа, како човек, како пратеник давам полна поддршка, безрезервна поддршка на овој многу важен документ кој се вика Предлог декларација, ќе биде декларација за развојот на односите на РМ со Европската унија. Уверен и со надеж дека ова ќе се оствари, а тоа ќе ни помогне да се разбереме меѓу себеси, средство за разбирање и само помош и помош на неразвиените во РМ зашто и тука имаме неразвиени, а сеуште има коишто немаат каде да спијат, немаат струја, вода. Да бидеме само стрпливи, полека ќе се направи се. Но, ова е од темелна вредност во Републикава. Без вакви документи, без вакво гледање, без суштинско разбирање ние не правиме ништо. Јас сум уверен дека ние пратениците заедно со мене и јас сум пратеник ќе го прифатиме овој документ и ќе чекаме од нашата извршна власт, од претседателот на државата, од нашите министри што повеќе да се продлабочат односите на Европа за слободен проток на капиталот, идеите, облиците и нас луѓето.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**:

Има збор г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**:

Почитуван претседател на државата, почитуван претседастеле Тито Петковски, почитувани министри и почитувани колеги пратеници.

Очигледно дека овие денови имаме ретка прилика внимателно да бидеме и чинители и компетентни фактори при донесувањето на две важни декларации. Вчерашната, која што на некој начин слободно може да претставува еден документ кој што дава една здрава подлога дека размислуваме најтрезвено, најсериозно за вистинско вклучување во Европа и денешниов, се разбира, поширок европски документ и очигледно дека овие теми треба иако нема некоја особена потреба да бидат поставувани на дневен ред на овој Парламент, да се докаже нашата целосна определба, нашата зрелост и нашата спремност да се соочиме со сите овие предизвици.

Старата фрајла Европа колку старее толку станува компромисна, попривлечна, очигледно како старото добро минато. Но, во тоа е и опасноста преголемата љубов да бидеме во прегратките на Европа да не биде и длабоко разочарување. Премногу оптимизмот дека брзо ќе бидеме во таа Европа дека се што се бара од нас можеме и треба да го исполниме ќе го сметам како наивност, а никој од нас тука барем вечерва не е барем ни малку најден.

Објективноста треба да јас гледаме во насока дека дали се што бара од нас Европа и што го содржи оваа декларација и сите драгоцени дискусии и забелешки можат реално да се остварат кај нас и уште погласно би поставил прашање дали ги има во било која земја од таа Европска унија. Во ниедна ги нема, ниту може да ги има. Прашањето е

само кој ги поставува условите, моќниот, силниот, компетентниот или сите оние другите кои што молиме место под сонце во она што се вели век, свет и живот.

Дали проблемите кај нас на она што вчера го дискутиравме меѓународен тероризам, организиран криминал, мафија, дрога и сите пороци на денешнината, се поизразени кај нас во РМ или точно во таа Европа од каде што доаѓаат или кон која што се насочени сите овие негативни работи. Ова не значи дека сакам да критикувам некого. Сакам да апелирам да се соочиме со реалноста дека мораме и да се спротивставуваме барем оние кои што легитимно не претставуваат, па и сите ние другите да бидеме и умни и добри познавачи и спремни да одговориме на сите предизвици што со себе ги носат тука при посетите на Македонија, претставниците на Европа нема да се замарам да ги двојам, Унија, Совети, иако има огромна разлика, во различни мисии, функции со ташни полни со различни резолуции, декларации7 договори, конвенции и тн. и тн., од кои што некои фундаментални точки во тие ЗЕМЈИ на Европската унија воопшто ги нема. Пр: Грција, Франција несакаат воопшто да чујат за поим национални малцинства или националности, а тие се членки. И сега тие исти луѓе доаѓаат кај нас, тука, да ни говорат низ сито и решето и да ни бараат нешто што честопати е невозможно. Мораме на сите тие со аргументи да им се спротивставуваме, туку да има покажуваме дека сепак ако сме географски Балкан не сме заостанат Балкан, ако некој мисли дека тука е Африка или некоја заостаната азиска земја се лаже. Ако ние преживуваме тешки моменти на она што значи осамостојуваше, политичко, економско, и се друго, каде беше таа Европска унија да ја земе во предвид Бадинтеровата комисија која што беше децидна дека ние заедно со Словенија ги исполнуваме условите за независност и самостојност. Го занемари тој факт дека ние заедно со Словенија

единствено се извлековме подемократски, цивилизациски, хуман и современ пат да градиме држава на граѓани кои што спремни да ја градат како заедница на народ и националност. Впрочем, вградивме во тоа и од она што значат имплиментни на државата, Устав, референдум. Симболи на државата. При тоа бевме понижувани и навредувани. Прифативме измени и на знамето, прифативме измени во Уставот, се со една цел да не не смета некој дека немаме чувство за толеранција и дека сакаме да бидеме проблем и на Балканот и пошироко во Европа.

Овие докази мислам дека треба да бидат презентирани при секои наши контакти. Доаѓаат луѓе со разна провиниенција дури и со задни намери, доаѓаат луѓе однапред инструирани дека тука треба да пласираат нешто што го нема никаде. И денеска се спомнуваат некои работи.

Каде во таа Европа има закон за знамињана националности. Во ниедна држава. Во Европска унија го нема. Каде има високо образование на национални малцинства. Како државно. Никаде го нема тоа во тие држави. Никаде го нема тоа. Ние се обидуваме да ги премостиме тие проблеми. Никој овде ниту рекол ниту ќе рече дека не ни е познато високо образование на сите кои живеат во оваа држава. Потребно е, ќе се развива и ќе се вклопуваме во она што значи европски стандарди. Ние не одбегнуваме од сите тие конвенции. Каде беше таа иста Европа кога Македонија ја доживеа најголемата трагедија од 1903 година, кога во крв беше гушено Илинденското востание. Остана нема и слепа за истото се повтори за време на Балканските војни, за да уште позагрижени бидеме во една понова Европа во 1947 - 1948 година, останаа делови од Македонија надвор од нејзиниот органски механизам. Од она што значи тело останаа делови, останати се и денеска и никој воопшто не помислува да помогне да се разрешуваат прашањата и проблемите со тие соседи и меѓу нас. Но, патот кон Европа го трасираме. Имаме

целосен консензус на сите субјекти. Ќе имаме и различни и спротивставени мислења, меѓутоа, овој пат ќе се оди трпеливо и трнливо. Ќе треба многу време да помине, многу повеќе до тоа кое што ние го пласираме, чекални, предворија и тн. и тн. Ќе помине многу време но да не ја исцрпиме целата енергија дека патот кон Европската унија е единствено со кое што ние треба да се занимаваме.

Таа иста Европска унија пласира универзални вредности и идеи за проток на капитал, луѓе, финансии идеи, а се повеќе воведува визи за Европските граѓани. Каде е таа логика. Се повеќе бариери. Нас ни се предлагаат олеснувања од друга страна бариери, царини, прелевмани и тн. и тн.

Монополско однесување, кредити кои што неупатените знаат какви се условувања имаме, додека ги добиеме. Кој треба да го собере кајмакот со сета сопствена технологија со своите сопствени консултант услуги и слично, за да повторно најголемиот дел од профитот се врати таму од каде тој капитал потекнува. И, тоа е вистина. И треба да се навикнеме, но сепак, ние мораме да мислиме како што рече некој еден живот сите имаме иако постојат песни дека имаме сто животи. Еден живееме, на крајот на краиштата. Да не биде премногу таа опсесија, премногу долга и болна, за да потоа во еден момент доживееме целосно разочарување.

Оваа декларација мораме да ја прифатиме и ќе ја прифатиме сите без оглед на мојата забелешка зошто не бевме понудени да ја потпишеме повеќе политички субјекти повеќе присутни во овој Парламент безрезервно, но како документ кој што очигледно во офанзивата која што ни претстои треба да ги подобри преговарачките позиции на нашите преговарачки тимови, почнувајќи од претседателот на државата, преку Владата и до сите вие драги колеги, па и ние други кои

што доаѓаме во контакт и чии што индивидуален и личен придонес не смее да биде занемарен.

Верувам дека правиме максимум напори да покажеме дека нема друг пат и друга алтернатива. И верувам дека ваквите декларации не треба да останат декларативни, треба многу агресивно, многу умешно да ги пласираме таму каде што треба да најдат и свое вистинско место.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Исмет Рамадани.

**X**/1. – СП/ОМ

**ИСМЕТ РАМАДАНИ**:

Господине Претседателе на државата, господине претседателе на Собранието, дами и господа.

Јас навистина можеби многу малку ми останува да кажам затоа што сум еден од предлагачите на текстот на декларацијата, меѓутоа, од сите дискусии што ги слушнавме во едно сум сигурен дека сите се цврсто определени за Европската унија односно нашите односи со Европската унија да почнат со тоа што веќе почнале со самата Спогодба која веќе е потпишана.

Можеби ќе погрешам, но само претходниот дискутант во однос на другите како да покажуваше малку резерва , можеби не ми беше целта тоа, но мислам имаше тонови и тие резерви се веројатно од негови причини или друга мотивација.

Првата точка од тој нормативен дел од декларацијата е дека стратегиска цел е на Република Македонија кон Европската унија, односно членство во Европската унија. Ние сме толку писмени, толку знаеме дека тоа нема да се случи веднаш 1999 или 2000-та, туку треба да ги започнеме подготовките како што сме ги почнале да бидеме членка на Европската Унија. Јас ќе појдам од еден друг сегмент не е само стратегиска цел Република Македонија да стане членка на Европската Унија. Таа јака и силна Европска Унија исто така има стратегиска цел да се проширува како таква. Прошируваше значи со други земји во Европа кои ќе бидат членки. Веројатно треба да се оствари таа теоретски дадена хипотеза некогаш на Алфред Хајнеќел за некој европски дом со некаде 75 држави во Европска унија.

Ние сите велиме можеби така е вокабуларот ни е подобар кога велиме тргнавме кон Европа . Дами и господа мислам дека треба малку да се свртиме. кон себе не само ние што сакаме да одиме кон Европа, Европа ни доаѓа . Таа Европска унија ни доаѓа и тогаш , се разбира, ние сега имаме наши делегации и тие контакти што ги одржуваме преку Советот на Европа, Европскиот парламент, Асамблеата на НАТО, Советот и сите тие наши претставници веројатно се таму за да им го учат и научат тебиетот , јас би рекол така народно, и тие критериуми што ги има таа Европска унија, а обично велиме тука во Република Македонија барем сме познати по тоа по гостопримството, ако знаеме и дознаваме , имаме информации од разни контакти што ги имаме дека таа Европска унија богата, силна, економски, политички и се приближува таа кон нас ние кон Европска унија. Тогаш мораме да го миеме лицето со ладна вода или да ги отвориме добро очите и добро да се подготвиме затоа што таа е тешка работа да станеме членка на Европската унија е тешка работа што значи тоа од нас бара многу работа, многу ангажирање, спремност, знаење, цврста неколеблива определба и кога ќе бидеме такви односно се подготвуваме да бидеме такви, тогаш јас мислам дека немаме каде, нашето место ќе биде во таа Европска Унија затоа што тоа е стратегиска цел не само наша , туку и на Европската унија каква што е сега. Ако е така, тогаш сите овие точки кои се во декларацијата една добра рамка како и каде треба да се движиме сите ние и како пратеници и како министри односно Собрание, Влада и сите институции, функционери затоа што секој што отстапува од таа рамка, од оваа декларација верувајте ми дека покажуваат , имаме индикации, тие што отстапуваат ќе ги снема ни како функционери ни како политичари - модерни ни како министри, тие што имаат одговорни функции. Зошто? Затоа што ќе ги направат грешките односно ќе се движат вон тоа што е декларација кон

Европската унија односно декларации кои ние исто така ги донесовме за нашата европска опција. Се разбира, за нив ќе биде тешко да опстанат и во политиката.

Последните денови слушаме разни изјави , еве сега ситуација- та во Косово како наши соседи, дали ние со нашите настапи треба да го искористиме тоа еве со Косово се случува нешто многу алармантно и со нашите настапи , изјави да покажеме некое декларативно јунаштво и нашите изјави да охрабрат сили кои не мислат како што ние тоа го имаме зацртано и во декларацијата. Затоа што тие утре ќе бидат како зајаци ќе се кријат. Ќе кажам пример , добар еклатантен пример ни е Караџиќ. Како беше пречекан низ Босна, тој беше човек и нешто повеќе .Како заврши? Нема место меѓу својот народ, се крие некаде дури ни азил не му даваат. И тие држави за кои мислел дека можеби некогаш ќе се крие некаде. Затоа треба сите овие работи да ги има- ме предвид, а зошто да ги немаме. Примерите беа околу нас и ние тогаш кога знаевме , го знаеме патот,ги знаме критериумите и начинот како се однесуваат државите во Европската унија за да ги разрешат проблемите. Зошто ние да бараме друг пат , начин . Кои сме ние? Зарем ние сме поумни? Зарем ние сме посилни? И политички и економски Зошто ние да не учиме дека најдобриот начин за разрешување на проблемите и верувајте понекогаш кога зборуваме што значи Европа со младата генерација, со тие што се помлади од нас , тие веќе имаат сосема други размислувања, тие веќе се длабоко влезени во тоа што се интернет коридор. Тоа им треба. Тоа им причинува задоволство, императив за да бидат во таа Европска унија со нивните колеги со нивната генерација.

X/4.-

На крајот да завршам со тоа многу е разбирливо и многу сфатливо дека во оваа декларација тешко е да ги наброиме проблемите еден по еден што ги имаме затоа што ги имаме тие проблеми. Меѓутоа, декларацијата е добра основа, добра рамка за да можеме да ги решиме тие проблеми. Тие проблеми ќе ги решиме со взаемно разбирање и со почитување на тоа што реков пред малку или кога почнав учејќи и на-учувајќи го секој ден пак народно ќе завршам табиетот на Европската унија.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, господине Претседател на Републиката министри, драги колеги пратеници.

Денес имаме точкана дневен ред која е очигледно не остава рамнодушен ни еден пратеник и сите што ги ислушавме почувствувавме дека со посебна мотивираност, со посебен мотив овде настојуваа да ги искажат своите погледи.

Мои впечаток е дека тоа беше обид да се придонесе да се разјаснат погледите и ако може појасно да дојдеме до определба со што оваа точка од оваа наша седница ќе ја завршиме. Преовладува опре делувањето дека Македонија ја има стратешката цел да стане полно-

правен член на Европската унија. Дури мислам и кај оние кои многу замерки упатуваат на Европа и кои на оваа Европа и судат со тоа што многу поранешни генерации можеби скоро век наназад го сториле . Ние мораме и тие учесници овде на крајот завршуваат со тоа дека тие оваа стратешка цел ја прифаќаат.

Впрочем, сите земји во транзиција, европски земји освен оние кои се во заедницата на независните држави ја декларирале таа на разни начини, најголем дел преку декларации, а потоа и други документи, а некои и на други начини таа своја цел да влезат во Европа.

Пратеничката група на ЛДП се разбира стои на цврстата определба дека единствена судбина која ни носи нешто добро и единствена перспектива на оваа земја е да се определиме за таа стратешка цел, ние сме се определиле да работиме на нејзиното вистинско остварување.

Сакам само да Ве потсетам дека партијата на која и припаѓа оваа пратеничка група е придружен член на Европската партија на либерали, демократи и реформатори.

Сакам исто така да истакнам дека веќе втора година како повремено членови на пратеничката група на ЛДП се гости во подолг период што оди таму е гост некаде дваесетина дена. На пратеничката група во Европскиот парламент на оваа Европска партија. Таму гостува, тој учествува во нивната работа, во нивните подготовки, ги стекнува искуствата на европските парламентарци, шири пријателства, односи на доверба и т.н. Тоа, колку што ми е познато, е единствена пратеничка група од нашиот Парламент која има таков статус во Европскиот парламент и пратеничките групи.

Според тоа, не верувам дека некој сериозно мисли кога сака да направи алузија околу тоа која пратеничка група како е определена кон

што се раководи, кон што тежи. Но, како што гледате претставник на пратеничката група не го потпиша овој предлог на текст. Знаете како е, ако ние многу громогласно и со големи викотници се определуваме за Европа тоа не значи дека подалеку ќе не чујат и со тоа поубедителни ќе бидеме. Воопшто ако го земеме целиот процес на прошируваше и ако земеме односот на земјите кои се кандидати за прием, настрана тоа што сега сите ќе работиме на преовладување на законодавството, хармонизација на прописите , туку има некој ред во политичките потези кои се прават од земјите. Декларативниот став , декларативниот чекор мора да претходи на сите оние конкретни чекори кои се правеле. За декларација имаше потреба и место да се донесе пред почетокот на преговорите, а после приемот односно после воспоставувњето на дипломатските односи со Европската унија. Тогаш требаше да донесеме декларација , да ги определиме нашите цели, а исто така да се направи и изработи платформа со која пристапува нашата делегација во преговорите со ЕУ. Тоа требаше да дојде во овој Парламент. Тоа е пат што го минуваа сите земји во транзиција, сите земји кои се кандидати, кои намеравaат еден ден да станат членки на ЕУ. Тоа не се случи во нашата земја. Колку да е на некого досадно или не- угодно , НИР ќе го истакнуваме како науки како потребно искуство кое треба да се цени за натаму да не правиме такви пропусти, ние укажавме на тој проблем точно тогаш и многу надлежни луѓе, од многу високи места бевме нападнати, бевме дури прогласувани за луѓе кои не ги разбираат работите, кои не ги знаат работите.

Можеше исто така некоја декларација да се донесе , бидејќи е точно тоа што го рече г-динот Никола Поповски Собранието нема уште донесено некој декларативен документ по ова прашање. И во моментот и

во придружба на Законот за ратификација на Спогодбата која ја потпишавме со Европската унија.

X1/1.-РД/МЛ

**СТОЈАН АНДОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Но и тоа не беше сторено. Не се направи, се пропушти. Тогаш како што знаете од говорницата од министерот за надворешни работи беше ветено дека негде на 25 или 26 август ќе се излезе овде со анализа и платформа за тоа како ќе се унапредуваат односите со Европската унија. И тоа не се стори. Сега се предлага да се донесе декларација за унапредување, за развој на односите на Република Македонија со Европската унија. Иако е како документ многу задоцнет, иако нашиот Парламент од целиот процес на уредување на односите со Европската унија, освен ратификацијата на веќе потпишаната Спогодба беше отстранет и држен настрана, ние мислиме дека е добро и денеска да се донесе декларација. Првпат кога бевме запознати со намерата и со текстот на декларацијата ние се обидовме да придонесеме оваа декларација да го отстрани елементот на досегашното задоцнување иако е можно покрај декларативната своја функција да има и нешто ветувачка функција и директивна функција. Мислиме дека е најобична декларација како се донесува сега две години барем се испуштени. Затоа добро го проучивме текстот и констатиравме дека тој текст има крупни недостатоци.

Прво, во преамбулата нашите активности за нашиот придонес во развојот на односите со Европската унија имаше многу нарација, многу прикажување кога се донесуваше, би рекол најважниот документ. Недостасуваше документот што го донесе Европскиот совет во Копен-хаген 1993 година. Затоа ние подготвивме еден текст на дополна на тој што ни беше нам даден. Ние мислиме дека декларацијата сите свои определби што ги содржи не ги потпира на најважниот пат ги врзува за европски акти, не на Европската унија, кои имаат допирна точка и со Европската унија и со односите, но не се тие што таа ги потпишала. Тој акт ги пропишува критериумите кои треба да се исполнат и кои се

разработени во агендата потоа. Не како нови критериуми туку како оценка на извршени критериуми од поедина земја кандидат кои се во агендата оние 10. Според тоа, позицијата на Европската унија кога просудува дали некоја земја намерава навистина да ги развива односите со Европската унија не се заведува под декларативните наши изјави, туку дали во некој наш документ ќе се содржи наша обврска, декларирана наша обврска дека тоа што стои од нив, тоа е од нив речено, донесено, утврдено, пропишано. Ние на некој начин ќе го прифатиме и се обврзуваме ние да разработиме кај нас политика и систем на внатрешни обврски токму тие барања да ги исполниме. Сето друго е декларација која за нив нема значење, таа има значење овде има едукативно значење повеќе луѓе да чујат, повеќе луѓе да се заинтересираат, затоа што во почетокот јас морам да ви кажам, кога почнаа преговорите со Европската унија, кога ние ги кажавме нашите укажувања каде се греши и што треба да се стори, тогаш бевме нападнати и дури во медиумите стоеше дека како тоа да е најважно сега што мисли Европската унија или што се преговара со Европската унија. Тоа зборуваше за многу нискиот степен, степен на едукација на вистинските потреби на оваа земја за вистинското определување на граѓаните кај нас и како ќе делува на нив. Поради тоа ние предложивме да се дополни преамбулата, да се создадат обврски со оваа декларација на овој Парламент, а потоа и во точките во текстот на декларацијата да влезат основните елементи и тоа со јазикот, како во документите на Унијата се содржани. За нас да не разберат таму. За да сфатат дека кога заседавало Собранието во Македонија не само што изјавувало дека сака сите сакаме да одиме во Европската унија да не примат, туку ние знаеме кои се тие критериуми на Европската унија, а и сме се решиле за начинот како ќе ги оствариме. Тоа е по наше мислење многу значајно и ќе се обидеме сега, ние сакам да ви кажам сега дека декларацијата треба да се донесе и тоа да се донесе со овие разработки, со овие

уточнувања кои ги предлагаме и очекувам сега во расправата по текстот и по нашиот амандман, ако има некои работи недоразјаснети да си ги разјасниме, комисиите дека нешто треба да се дотера и преформулира, предложете го да го дотераме, но од оваа седница да излезе еден зрел документ кој на суфицитарните функционери во Европската унија ќе им укаже дека во Собранието го проучиле материјалот основот кој е создаден во Унијата и врз основа на кој треба да се извршат подготовките на Републиката за зближување.

Јас ве повикувам да ни помогнете заедно да дојдеме до добар текст, исправен текст, ефикасен текст, кој ќе ја покаже и зрелоста на овој дом и вистинските интереси и вистинската решеност на целата оваа држава и нејзините граѓани.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Јас ќе настојувам да бидам краток и ќе изнесам едно прашање што сметам дека треба да биде опфатено во декларацијата, кое суштински не постои. Јас ја гледам Европската унија како унија која што не само да прифаќа да се влегува во неа со одредени декларации во однос на тоа што е демократија и што не е, меѓутоа ја разбирам повеќе дека е Унија која што прифаќа да се влезе во неа со одредени критериуми од обалста на стопанството. Прашање кое воопшто не е дотакнато во декларацијата. Што мислиме ние. Дали нас вакви какви што сме денеска ќе не прифатат во Унијата. Ја слушав порано една изјава и ќе ја изнесам. Слушнав дека и понудиле на Словенија да влезе, одбила затоа што рекла дека не сме спремни. Што сакам да кажам со ова. Можеби не е вистина, ние не сме во состојба денес да влеземе во Унијата. Економски не сме да бидеме нивен товар, нема да не прифатат. Не е Унијата црвен крст. Нема некој да седи таму да спие, да има ниска продуктивност и да те прифатат. Сега ние сме добротворна организација ќе те прифатиме.

Унијата не прифаќа товар. Мислам дека тоа ни е јасно на сите и декларацијата треба да содржи вакви елементи. Треба да придонесеме со оваа декларација, покрај другите дискусии што беа наведени да имаме и една точка каде што ќе се бориме за остварување на подобра економска состојба на граѓаните во Републиката. Во спротивно ништо не сме направиле. Тоа беше моето укажување и затоа кажав дека ќе бидам краток, бидејќи ќе зборувам за прашање кое што не беше дотакнато и апелирам за тоа декларацијата да содржи и една ваква определба.

**РАМИ ТУДА:**

Почитуван Претседателе, почитуван претседател на Собранието, почитувани министри, почитувани пратеници. Ние како пратеничка група ја сфаќаме добрата намера на предлагачите на декларацијата, меѓутоа, по многу нешта имаме и наши забелешки и сугестики. За нас јасна е намерата на предлагачот, т.е. натамошното унапредување на севкупните односи меѓу Република Македонија и Европската унија, понатаму готовноста за остварување на повисоко ниво на односи на Република Македонија со Европската унија преку прогресивните приближувања кон Унијата, непосредно насочено кон вклучување на европска спогодба за стекнување на статусот на нивна членка. За нас исто така јасно е и ангажираноста, т.е. тоа што е наведено во точка 6 за натамошната соработка на Република Македонија со Европската унија. Меѓутоа, ние како пратеничка група неколку пати дебатиравме, размислувавме и затоа ги имаме нашите сугестии по однос на декларацијата затоа што сметаме дека имаме сериозни забелешки по однос на тоа како е формулирано и што содржи декларацијата. Еве три години во овој законодавен дом ние како пратеничка група се ангажираме да ги застапуваме интересите на една партија. Сме се ангажирале во нашите дискусии да ги произнесеме

нашите размислувања по однос на низа прашања кои што не се решени во Република Македонија. Прашања што се однесуваат за албанците и за другите националности во Република Македонија. Дојдовме до заклучок дека во текот на овие три години од функционирањето на Парламентот и на партијата која е на власт се донесени низа закони и тоа со мајоризација.

Второ, Парламентот во согласност со Владата намерно ги одолговлечува донесувањето на некои закони, како на пример законот за високото образование и тоа со намера да се спречи официјализирањето и финансирањето на универзитетот во Тетово, а исто така со одредена намера да се одолговлечува донесувањето на правилникот за работа на Собранието, со цел да не се аплицира албанскиот јазик како официјален јазик. Понатаму, Парламентот и Владата досега не покажаа добра желба за решавање на статусот на албанците во Македонија, сметајќи дека нивниот проблем во оваа Република е решен со постојните законски регулативи и по највисоките европски стандарди. И по ова прашање значи се заклучува дека проблемите се решени и дека не постои проблем за решавање.

Парламентарната група на ДПА во донесување на разни закони досега има предложено стотици амандмани на тие закони, меѓутоа, за жал, скоро ниеден амандман не е прифатен од Собранието.

**РАМИ ТУДА:** (продолжение)

Спротивно на ова истиот Парламент секогаш ги има оправдано репресивните мерки на Министерството за внатрешни работи, монтираните политички процеси и драконските казни кои се изречени на јавните работници интелектуалци албанци како што е случај и со градоначалникот на Гостивар г-дин Руфи Османи.

Јас ќе цитирам една важна мисла на Исмаил Кадре во слободен превод, бидејќи мислам дека ова е поврзано со проблемите со кои дискутирам дека "Балканците имаат еднакви крепости, мислам позитивни особини и еднакви нарави т.е. негативни особини. Тие имаат една негативна енергија и проблемот е во тоа оваа енергија да знаеме да ја претвориме во позитивна сила".

За предлогот на декларацијата за развој на односите на РМ со Е.У. реков дека имаме доста забелешки. Парламентарната група на ДПА мисли дека забелешките се однесуваат на содржината на текстот на Декларацијата, која не е одредена, не е прегледна, не е прецизна, не е компатибилна со реалните состојби и збиднувања во РМ. Декларацијата се карактеризира со стилски украси, со фрази, особено со синтагми како што се: демократски принципи, демократски институции, почитување на човековите права, пазарна економија, определба за трајно сожителство, развивање на толеранција, хармонија, меѓусебно разбирање и почитување од различно етничко и културно потекло, политика на мир, развој на добрососедски односи и соработка, интензивирање на политички дијалог со Е.У., усогласување на македонското законодавство и др. Спомнувајќи ги меѓународните документи, како што се Универзалната декларација за човековите права, Европска конвенција за основните човекови права и слободи, Завршниот документ од Хелсинки, Париската повелба за Нова Европа, Документот на

Бонската конференција за економски права и сл. На сите овие документи потписник е и Владата на РМ односно овој Парламент и кога ќе се спореди рајот на убавите зборови и јазичните финеси со стварноста, со реалноста произлегува дека Декларацијата претставува збир на силогизми и пропозиции, земени од градината, би рекол вака фигуративно, на меѓународната градина или од меѓународна архива, кои во стварноста не се почитуваат, меѓутоа, служат за покривање на суровата стварност во РМ, односно во Декларацијата се зборува за демократски принципи во услови кога тие принципи не се респектираат. Се зборува за почитување на човековите права кога во нашата средина тие основни права се газат. Се зборува за пазарна економија, за слободна размена на идеи и стоки во услови кога во нашите граници, во царина, со Албанија не се дозволуваат научната литература, книжевната литература, лексикони итн.

Декларацијата зборува за определба за трајно сожителство, кога на локално ниво каде албанците се во мнозинство не се дозволува употребата на албанскиот јазик како службен јазик. Се зборува за развивање ка толеранцијата, а не се почитува културната традиција, историјата и уметничките и научните вредности на Албанските и другите националности. Во последно време сме имале случаи кога ние како пратеничка група, кога донесувавме определени закони, односно кога беше дискусијата за Законот за култура, ние поднесовме еден амандман, односно дадовме предлог во тој Предлог закон за култура или пак во Законот за македонска телевизија да се истакне, односно покрај другото да влезе и терминот националност, така што ние овде, овој Парламент не се согласи со тоа дури и да влезе терминот националност во тие закони.

Од сето тоа резултира дека декларациите како што е оваа, односно пропозициите што ги содржи оваа Декларација не кореспондираат со реалноста и кога се прави оваа споредба на релација стварност - декларација Владата и овој Парламент не може да се гордее.

Пред извесно време донесовме една Декларација за унапредување на меѓуетничките односи во духот на толеранцијата, дијалогот и взаемното почитување, и доверба, каде се вели дека толеранцијата е темелен услов за стабилноста на демократскиот развој на РМ. Понатаму би значело како што е дека културната различност е фактор на интегрирање и збогатување на општеството, а не генератор на поделби. Понатаму дека еднаквоста на граѓаните и отсуство на дискриминација во нашата средина итн. Понатаму, во тој документ се истакнува унапредувањето на меѓуетничките односи, меѓутоа, во одредени случаи ние ја немаме и минималната толеранција по однос на овие прашања и сме начела кои како начела навистина се златни правила. Се поставува прашањето колку сме ние подготвени да ги оживотвориме овие начела во услови кога голем број на граѓани во РМ со години чекаат да стекнат државјанство, а одреден број граѓани, голем број албанци добиваат и суверенитетот на РМ, а се работи за луѓе, граѓани кои досега, до пред извесно време, до осамостојувањето на РМ како држава имале статус на државјанство на РМ, значи биле граѓани на РМ, а тие доби таков одговор дека тие го ризикуваат интегритетот на РМ, а всушност тие никогаш не биле казнети дури би и за некој прекршок.

Во нашите закони уште се во функција некои членови и алинеји од поранешна Југославија стекнуваме впечаток дека ние некако тешко можеме и да се одвоиме до баластот на минатото и тешко можеме да го менуваме стариот менталитет. Токму овој Закон за стекнување на

државјанство, според наше размислување всушност се и така, овој член и овие параграфи тие се наследени до поранешна Југославија, нам ни е тешко и не можеме да се дистанцираме од такви членови и алинеји кои не се демократски, всушност тие се дискриминаторски.

Во нашите услови донесуваме повеќепати еднострани закони, парцијални, национални, меѓутоа, и тие закони во одредени услови ние не ги почитуваме и не ги спроведуваме во практика, како што се случајот со Законот за употребата на јазиците на националностите на Педагошкиот факултет, односно кај паралелките на албански и турски јазик, каде што досега по наше мислење е направена една политичка игра и донесовме еден закон заради закон, тој закон на се спроведува во практика, но за тоа никој не одговара, а Владата решава после тоа пак бара да се корегира за друг Педагошки факултет итн.

Ја користам приликата бидејќи Претседателот на државата е тука да кажам дека Албанците во РМ се плашат кога Претседателот на РМ ќе посети некоја држава, мислејќи дека нешто ќе се случи затоа што навистина сме доживеале трагични моменти, а тоа не било случајност. Претседателот на РМ кога оди надвор албанците не ги третира, сите граѓани како свои граѓани и пријатели на оваа држава. Ние како Албанци бараме минимална толеранција од овој Парламент, од овој законодавен дом и до Владата на РМ и овој минимум, тоа е желбата да имаме универзитетска настава и образование на свој албански јазик и ако вие не се согласувате со оваа наша духовна потреба, декларациите остануваат празни фрази или пак мртви букви. Ова наше барање ние го изразивме во еден амандман, кој ако се прифати од ваша страна, ако се почитува, вие по наше мислење ќе положите еден важен испит на парламентарната демократија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Сепак, ги молам сите наредни дискутанти да се држиме на темата. За меѓуетничките односи имаме можност во многу прилики да разговараме.

Има збор г-динот Кадриу.

**ЗЕЌИР КАДРИУ:**

Г-дине Претседател на државата, г-дине претседателе на Собранието, г-дин министер, дами и господа пратеници, ќе се обидам да бидам сосема краток без оглед што еден од пратениците кога одев наваму ми рече на шега: г-дине, веќе немаме трпение да ве слушаме, да бидете сосема кратки. Јас навистина ќе се погрижам моето излагање да биде сосема кратко и ќе настојувам да не ги повторам укажувањата што беа дадени.

Јас чувствувам потреба во присуство на Претседателот на државата да укажам на некои работи што не се денешни. Тие се познати од порано, но веројатно треба да се искористи и моментот за да се кажат некои работи конкретно, за да не мислиме дека во конкретниве случаи и одредени прашања што се поврзани и со денешната Декларација што сакаме да ја донесеме, е во интерес, бидејќи јас сум убеден и како Собрание и како Влада и како држава како Македонија сме на видело на сите посматрачи на одредени кругови од Е.У. и пошироко во врска со нашето делување, во врска со тргнување на нашите демократски процеси итн.

За да се осврнам директно на Декларацијата за развој на односите на РМ со Е.У., на почетокот би рекол не верувам дека има човек што се наоѓа пред вакви судбински и суптилни прашања кои треба, да мисли дека не е важно, не е интересно вклучувањето на нашата држава во

Европската Унија. Веројатно тоа е многу важно, многу интересно, но треба да се најде начинот, методот и формата за нашите вклучувања во тие Европски институции. Впрочем, целата оваа иницијатива се изразува, како што се наведува во првиот пасус во определбата на РМ со која се поврзува и веројатно се поврзува иднината на оваа земја, треба да се изгради во идната унија која се вика Европска Унија.

Понатаму, децидно се наведува дека РМ е цврсто определена за развојот на демократските принципи, за развој на демократските институции, почитување на човекови права итн. Сето тоа е в ред и тоа треба да се прави, но прашањето што сме правеле до денес и колку сме можеле да правиме и секој во својата средина толку бил моќен да го убедувам партнерот кој го има и кој делувал за да можеме и понатаму да одиме.

Во вториот дел од Декларацијата исто така се наведува и потребата и значењето на РМ за принципите на пазарна економија за доближување и интегрирање во сите тие светски европски процеси и економски процеси. Навистина секој од нас сака тоа да го прави, секој од нас се интересира да се вклопиме во тие институции, но треба и во тој момент да се најде модусот и начинот како да се влезе. Дали сме подготвени во ваква состојба во каква што сме денес ние, дали би можеле со вакво тренд на одење на демократските процеси да се вклопиме во тие унии, во тие процеси, сами ние треба да утврдиме и на крајот да донесеме една одлука дека навистина ова како декларација ни треба, но понатаму со нашите настапи, со нашите процеси ќе ги реализираме сите тие што ги ветуваме. Досега имаме една лоша практика. За жал, ќе речам лоша практика бидејќи не е прва Декларација што ја донесуваме како Собрание. Ние сме донеле и една друга декларација.

**ЗЕКИР КАДРИУ:** (продолжение)

Ние сме донеле и една друга декларација, тоа беше Декларацијата за човекови права, за сожителство и ред други. Беа наведени ставови што би сакале како Собрание и ние да им се придружиме и би сакале и понатаму да одиме во тие европски процеси и комуникации. Но, со жалење ќе кажам и тоа дека до денеска ниту малку не се почитувало тоа, ниту било толеранција кон одење на тие форми, кон тргнување на тие процеси што навистина се потребни на оваа држава и на сите граѓани на Република Македонија.

Ме поттикна излагањето на пратеникот Стојан Андов кој децидно рече дека навистина оваа декларација мора да се надополни, без оглед што во својата содржина има некои украсни синтагми што навистина само вербално кажуваат дека ние сме за овие и оние работи. Но, во суштината треба, за да ги убедиме тие луѓе што навистина бараме помош од нив очекуваме да се вклопиме во тие институции, треба децидно да укажеме на некои работи што конкретно во практиката, како Собрание, како држава и ние како луѓе кои тргнуваме кон нови процеси, демократски процеси навистина ќе ги реализираме.

Зарем не гледа светот дека во таква ситуација се прави една Сизивска борба од 5-6 години и никако да излеземе од тоа. Зарем не гледа светот дека демократските процеси не одат како што сакаме ние да тргнуваме или како што се во практиката. Светот гледа дека како држава не сме подготвени да им овозможиме на нашите граѓани да имаат свое државјанство. Сите сме убедени дека преку 120.000 граѓани на РМ го немаат тоа право, а во другите европски држави тоа право не граѓанинот да ја моли државата да добие државјанство, туку напротив, државата се интересира да го има граѓанинот тоа право што навистина

му е потребно. Толку мала држава како што сме ние Македонија, не што би спречиле и би оделе во таа мера на граѓаните да им скратиме едно цивилно право, едно граѓанско право, туку навистина да овозможиме сите тие граѓани да го стекнат правото и да одиме понатаму.

Ова го реков само како сегмент бидејќи светот го знае и ние се потрудивме некако да го ублажиме. Но навистина, не сме направиле конкретни чекори во тој аспект.

Добро, тој Закон не го познавам, но знам само два фамозни члена што и ден денеска ги мачат граѓаните. Тоа се членот 7 и членот 9. Веројатно дека во оваа состојба во која живееме нема ниту еден граѓанин кој може да ја загрози државата и уставниот поредок. Тоа го кажувам бидејќи сега сите луѓе сакаат да се интегрираат во тие процеси, сите луѓе сакаат да се движат слободно, да развиваат пазарна економија, да прават се и сешто што е во духот на државните институции, почитувајќи ги нормално и законите, но не во рестриктивна форма, како до сега сме тргнале ние и како во практиката тоа го спроведуваме.

Други аспекти што би можеле да се спомнат без оглед дека на индиректен начин ги опфаќа оваа декларација, се основните права на граѓаните во поглед на националностите, во поглед на употреба на јазикот, во поглед на високото образование, во поглед на сите тие основни елементарни права што треба да ги имаат граѓаните.

Додека не се ослободиме од поранешните оптоварувања, додека не се ослободиме од елементарните демократски основи не би можеле понатаму да бидеме присутни во такви институции што сакаме да одиме. Но, нашата желба е реално што сакаме бланко да влегуваме таму. Но,

постојат критериуми. За тие критериуми сите ние знаеме. А, никако да се прилагодиме кон нив за да можеме да продолжиме понатаму.

На мислење сум дека оваа Декларација треба да се дополни. Ако се дополни со одредени пропозиции и одредени предлагања од страна на некои групи, веројатно дека ние, како пратеничка група би ја прифатиле и би гласале.

Но, како таква, ако и претходно имаме чувство дека како таква и во практиката тешко е кај нас да се спроведе во практиката, во конкретниов случај не сме расположени и понатаму нашите аргументи ќе ги кажуваме дека ќе бидеме расположени тогаш, кога ќе се фрли првиот чекор за некои конкретни демократски процеси. Тука, само формално донесување декларации и само на хартија да стојат, да ги однесеме во тие институции во Европа, јас навистина само за такви формалности не сум, туку сум за конкретни и објективни работи.

**ТИТО ПЕТКОВСИ:**

Има збор г-ѓа Поповска, потпретседател на Владата.

**ЗЛАТКА ПОПОВСКА:**

Мислам дека е неопходно да дадам соодветни објаснувања за оние прашања што се од доменот на Владата. Инаку, лично, чувствувам голем респект кон секоја дискусија на пратениците за тоа што сте претставници на граѓаните.

Сосема е сигурно дека вие ги претставувате сите граѓани и воопшто сите граѓани во Македонија се определени за што побрзо приближување до ЕУ. Меѓутоа, граѓаните, приближувањето кон ЕУ го прифаќаат како многу реален процес на трансформација, што значи на вредносно приближување до сите области што ја одликуваат и карактеризираат Европа. Значи, и ја прифаќаат како живот што значи подобрување на сите сегменти на нивното живеење. Точно во таа функција е и работата на Владата и конечно работата на сите оние кои сакаат да придонесат во реалните процеси на приближување кон Европа.

Морам да ве потсетам само на неколку последни чекори што ги направи Владата на овој план.

Знаете дека тоа што е зацртано во Копенхаген во 1993 година и Мадрид 1995 година, како критериуми се преточуваат дури и дневно низ работата на програмите што се поддржани преку Фаре. Програмите на реформи што се поддржани од страна на ЕУ се на еден начин имплементација на сите оние критериуми усвоени во Копенхаген 1993 година. Тоа се тие политички, економски критериуми а исто така и критериуми што значат прифаќање на обврските на една идна членка на сите вредности на ЕУ.

Конечно, работејќи дневно со критериумите што произлегуваат од Копенхаген 1993 на програмите поддржани од ЕУ што течат во многу сегменти кај нас, тоа преточување значи како еден вид преточување на уставни определби во конкретни законски проекти.

XIII/5

После овие реформи што се во тек, морам да ги спомнам и оперативните чекори што ги направи Владата во доменот на забрзување на подигнување на односите со ЕУ. Да потсетам дека Владата усвои еден документ, Основи на стратегијата за стекнување на придружен статус на Македонија. Тие Основи се на некој начин наш водич во понатамошните оперативните чекори. Да кажам дека Владата основа Работен комитет за европска интеграција и тој Комитет навистина презема оперативни чекори што значат конкретизација на сите тие критериуми што ги поставува ЕУ.

Дозволете ми само да спомнам две работи:

Прво, сите министерства направија институционална инфраструктура во која влегуваат луѓе кои дневно се грижат за подигнување на односите на ЕУ во областите што тие ги покриваат. Таа институционална инфраструктура што ја направивме во рамките на министерствата значи воедно способност министерствата да ја измерат дистанцата што можат да ја утврдат во одредени области кај нив во однос на стандардите зацртани во Белата книга. Тоа значи дека правиме одредени напори типични на земја со асоцијативно членство.

Меѓутоа, знаејќи дека не можеме да скокнеме фази, знаејќи дека се работи за долгорочен процес, ова го правиме за да ги забрзаме промените кон асоцијативно членство. Освен тоа на 20-21 март конкретно е договорен почетокот на Советот на соработка. Вие кои сте многу подолго во овој Парламент и во Владата знаете дека тоа е дел од Спогодбата за соработка со ЕУ. На 20-21 март закажани се разговори и веројатно Советот ќе го отвори г-динот Ван дер Брук, разговори на многу теми што се есенцијални за понатамошна имплементација на критериумите од Копенхаген и од Мадрид а што се типични за оваа средина.

Во тој дневен ред ќе има и политички и економски дијалог. Според тоа, се што е есенцијално за да се забрза одот на спроведување на Спогодбата за соработка и воопшто подигнување на односите со ЕУ ќе биде направен, во онаа динамика и во она време кога е тоа можно и кога е тоа пожелно.

Инаку, ние најчесто себе многу повеќе се критикуваме отколку што другите не критикуваат. Дозволете ми наместо јас да кажам за нивото на нашите односи со ЕУ, да го цитирам г-динот комесар Де Силги кој многу децидно изрази позитивно мислење за односите на Македонија и ЕУ и изрази задоволство за прогресивното развивање на тие односи.

За да се каже ваква констатација од комесарот Де Силги кој е одговорен за економски, финансиски, монетарни прашања при потпишувањето на договорот за 15.000.000 еки за што е известена јавноста значи дека ЕУ односно надлежните инстанци на ЕУ се увериле дека Владата, Парламентот, Македонија сите фактори што влијаат на тој процес се како претседателот на државата, направиле сериозни крупни чекори во рамките на своите можности за да се забрза нашиот од кон асоцијативното членство.

Јас сум убедена дека и ние, веројатно би одговарале на прашалниците од Агенда - 2000, на кои одговараа другите земји 1994-1995 година, тогаш да имавме дипломатски односи со ЕУ. Меѓутоа, ние ги започнавме некаде декември 1995 година.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-дин Наџи Пурде.

**НАЏИ ПУРДЕ:**

Господине потпретседателе, господа министри, драги пратеници.

Интеграционите процеси во Европа се една индикација за благодет за сите народи кои живеат на овој континент. Истовремено и императив за стабилноста на сите нестабилни региони.

РМ е цврсто определена за заедничка иднина во Европа, прифаќајќи ги сите европски конвенции што се релевантни и од првостепено значење.

Оваа Декларација значи Декларација за развој на односите на РМ со ЕУ и токму тежи кон таа цел. Тоа е добро дури многу добро за сите нас, а во овој контекст и за РМ како наша заедничка држава. Другите потпишани конвенции во меѓународни рамки не се почитуваат, односно малку се почитуваат во нашата држава.

Во оваа Декларација се спомнува едно нешто што е највозвишено, најдобро, најважно итн. Тоа е сожителството во нашата Република. Никој не го оспорува трајното сожителство и никој нема право да го негира тоа. Едно такво оспорување во овие трусни балкански подрачја би значело негација на хуманоста а прифаќање на варварството.

Но, тоа сожителство да биде уште побогато, похумано и европски ориентирано треба да се исправат некои неправди, намерни или не намерни, направени до сега. Овие проблеми ги истакнав пред неколку

денови кога се носеа закони за културата и за Македонската радио-телевизија.

Тука ќе истакнам еден друг пример, многу еклатантен. Отворено зборувам дека работите не одат како што треба. Како што доликува на една мала земја што великодушно се стреми да влезе во сите европски институции, а во овој случај кон ЕУ, а во догледно време кон Евроатланските структури.

Не спомнувајќи ги другите проблеми од витално значење за нас албанците, турците, ромите и другите народности во Македонија, на пример конкретно за албанците да се земе како приоритетен проблемот и најакутен проблемот на универзитетот во Тетово. За овој универзитет што е образовна институција, без оглед на тоа што е етикетиран како "мртвороденче", "таканаречен универзитет", "параунивезитет", "политички универзитет" итн, и што знам се друго.

Прашањето уште едно друго прашање каде е останат проблемот на албанскиот јазик овде во Македонија.

Еден од дискутантите рече дека е ризична оваа наша небезбедна зона. Јас мислам дека воопшто не е ризична ако седнеме и убаво разговараме, искрено да разговараме. Не на сцената нешто друго, а позади сцена да се крои нешто сосема трето. Сметам ако седнеме и искрено се договориме, со намера да ги решиме проблемите што се тогаш е излишно или непотребно да ги измислуваме зборовите "ризична и небезбедна зона" туку самите ќе докажеме дека сме мала но стабилна земја.

Добро рече еден од говорниците дека немаме храброст. Јас би додал дека не што немаме храброст, туку се плашиме од нешто. Се

плашиме, многу се плашиме. Ги именуваме работите со други имиња, а не со нивното сопствено име. Каде е тука толеранцијата? Наместо да ги унапредиме работите ние одиме чекор назад.

Мислам дека е време да ја погледнеме реалноста во очи дека друга алтернатива нема, дека се друго е чекор што не е во полза на ниту еден од нас.

**НАЏИ ПУРДЕ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Да се има храброст е најголемо својство, а тоа зависи од нас. Како главен фактор - човекот. Јас мислам дека Европа бара од нас конкретни дела, а не зборови, а конкретните дела се доказ на нашето созревање, а созревањето е клуч за отворање на сите врати, па и тие што малку потешко се отвараат. Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Вечерва сум решил рафално затоа што не само што е доцна и што нема да се каже иако беше речено доста, повеќе поради хумани причини и за вас тука присутни во салата и во јавноста. Скоро моите кажаа се, ниту би сакал и сам да се повторувам за тие проблеми, работи за кои се зборуваше полни четири години во овој законодавен дом. Јас ќе кажам тоа што можеби некој не го кажал денеска тука. Водиме расправа за една декларација. Меѓутоа, толку површно се зборува што само се раскажавте, да не навредувам, кажавте за себе тоа што ви треба се и тоа беше многу добро, многу убаво, многу фино, меѓутоа, тоа што треба да се каже суштински, содржајно, не беше речено скоро ништо.

Ние сакаме да одиме во Европа, па во Европа сме и не сме. Просторно сме, душевно со богатство, со услови нашиот пат не води кон Европа, туку кон Африка за жал. Вие знаете какво е нашето стопанство, вие знаете каква е нашата беда, колку се жалат луѓето секој ден и ние сакаме во Европа да одиме.

XIV/2.-

На крајот, самиот текст, самиот наслов Предлог на декларација за развој на односите на Република Македонија со Европската унија. Па, што е тоа другари, господа. Тоа не е ништо. Никој не ни се претставил, никој не ни доставил таков документ, каква понуда, па ние да се декларираме да одиме кон Европа. Тоа е несериозно извинете дури е смешна работа. Зошто? Значи, за развојот на односите на Република Македонија со Европската унија. Каков материјал имаме за тоа? Какви надежи имаме за тоа? Кој ќе не прими таму? Знаете или не знаете какви се критериумите? Ако сакате да ги наброиме. Знаете какви декларации до сега се доставени од неколку држави, од неколку земји, па немаат шанса да се примат. Знаете колку конвенции во овој Парламент беа ратификувани, тоа е лесно да се креваат раце, меѓутоа, да се спроведуваат, ние сме за никаде. За развојот на односите нема никаква врска. Тоа што ние мислиме од страна како луѓе кои тешко да одиме во Европа, па тоа не е ни Република Турција во Европската унија иако е во НАТО. Ние не можеме ни да помирисаме кон Европа. Ако случајно одиме некогаш од некои формални причини ние не можеме ни два дена да останеме таму. Ние не можеме да платиме ни членарина во таа Унија. Ние сме за никаде. Дајте ние да направиме една мини балканска унија или да не должам само ќе ги земам овие кои се предлагачи, потписници. Луѓе, со кого разговарате вие цел ден за оваа точка. Тука имаме предлагачи, потписници тројца функционери и тројца координатори на исти партии кои се во коалиција. Добро, по Уставот е во ред, предложено, доставено, расправаме и што? Истите тие луѓе, истите тие предлагачи сега цел ден даваат образложение, зборуваат за таа декларација и што е тоа? Ништо не е повеќе од политички маркетинг. Треба другата страна тие кои не се согласуваат, ние кои сме се потпишале ниту имаме намера да кажеме дека не е вистина дека не чини и да се дисквалифицира. Пак да не должам ако се земе само содржината која нема никаква содржина на оваа декларација тотално реченица по

реченица, став по став, збор по збор треба да се дисквалифицира тотално и тоа врз основа на безброј конвенции кои ги ратификуваше овој Парламент и на други меѓународни норми и со самиот Устав на Република Македонија. Сега што?

Ќе завршам, оваа декларација во прв ред треба да има во самата содржина тоа што е најбитно за оваа Македонија. Видете како не молевте два дена да се потпишеме и ние. Нема другари декларација, нема Европа без сите народи, националности кои живеат во Македонија. Нема Европа без нашата партија. Нема Европа без нашата парламентарна група. Тоа само 10% можат да бидат албанците кои можеби некој ќе ги измами. Зошто?

Прво, во декларацијата треба да стои, а ние можеме да предлагаме амандмани, да се тргне кон изменувањето на актуелниот Устав на Република Македонија кој е антиалбански. Во 1974 година албанците и другите националности тогаш се нарекоа народности, беа конститутивен елемент, имале право на државотворец, сега е тоа избришано.

Второ, во Македонија не може не во Европа да оди, туку и тука да има ред, мир, стабилност ако луѓето не се рамноправни во секој поглед. За тоа се зборуваше во овој Парламент и од оваа говорница доста. Што? Албанците сакал некој или не мора да се реши прашањето со консензус. Консензусот да се стави во декларацијата па да види Европа, а Европа тоа го бара. Европа следи, Америка следи не игра со нас. Ние играме со себе.

Затоа да завршам оваа декларација може спрема содржината да се измени насловот и да гласи не како што е, туку Предлог на декларација на Киро Глигоров и Бранко Црвенковски за развојот на односите итн. Значи, ние таква декларација денеска имаме пред себе

формално гласи како што гласи. Суштината и е таква. Значи, една партија која сака да остане на власт и понатаму, поднесе декларација, зборува цел ден, ја поддржува и што прави? Маркетинг. Така веќе не може. Во Македонија ако имате врска со вашите избирачи, со вашата база народите и македонците и албанците и другите сосема нешто друго мислат. Тоа немојте во идниот состав на Парламентот да биде како вие што мислите и како што сонувате. Затоа оваа декларација треба да се повлече и да се надополни како треба, да се земат во предвид мислењата на сите политички партии во и вон Парламентот на сите парламентарни групи, да го има потписот и на мојата парламентарна група, да го има мојот потпис, па дури тогаш може да се направи нешто, а вака како што е тоа ми личи на нула работа и ништо повеќе и немојте да губиме време. Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Амди Бајрам.

(Во 21,20 часот со седницата продолжи да раководи Тито Петковски, претседател на Собранието).

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници, сакам во името на Партијата Сојуз на ромите и членството на ромите и симпатизерите на Сојузот на ромите на Македонија како најмлада партија и најјака партија меѓу нас ромите сакам да дадам целосна поддршка за оваа декларација и дека ќе гласам за.

XIV/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Ако никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на декларацијата.

Пратениците Рами Туда, Наци Пурде, Зеќир Кадриу, Хисни Шаќири и Сали Рамадани поднесоа амандман за додавање нова точка 10-а, по кој предлагачот не се произнел.

Пратеничката група на Либерално -демократската партија поднесе амандман за додавање нова точка 3 по точка 2, по кој предлагачот не се произнел.

Пратеникот Нано Ружин поднесе амандмани на точка 1 и на точка 4 по кои предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот на точка 1, поднесен од пратеникот Нано Ружин.

Молам еден од предлагачите да се произнесе. Има збор господинот Филиповски.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? Има збор господинот Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Видете, мојот амандман се однесува на подобрување на текстот. Имено, текстот гласи: "Собранието на Република Македонија истакнува

дека членството во Европската унија е стратегиска цел на Република Македонија", јас додавам "стратегиска цел од општ национален интерес на Република Македонија" зошто? Затоа што сметам дека со тоа добива во јачина самиот текст, бидејќи одредбата стратегиска цел, добро, стратегиска цел во смисла еден коридор е стратегиска цел, автопат, железница итн., меѓутоа, стратегиска цел како зачленување, како членство во Европската унија сметам дека би добила во јачина оваа реченица и според тоа сметам дека е од општ национален интерес и на тој начин би се подобрил текстот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нова точка 3 по точката 2, поднесен од пратеничката група на Либерално-демократската партија.

Молам еден од предлагачите на Предлогот на декларацијата да се произнесе.

Има збор господинот Филиповски.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Амандманот онака како е влезен во собраниска процедура, не се прифаќа.

XIV/7.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници кога го правевме овој амандман имавме намера Собранието да декларира потреба да се донесе посебен документ кој ќе ги разработи итн. така како што сме напишале за критериумите.

Тоа го формулираме вака, да нема недоразбирања. Нашата точка 3 би гласела: "Собранието ја истакнува потребата од донесување на стратегија за остварување на критериумите утврдени од Европскиот совет во Копенхаген 1993 година особено за стабилни институции кои гарантираат демократија, владеење на правото, почитување на човековите права, почитување на малцинските права и нивната заштита, функционална пазарна економија, слободен проток на стоки, заштита на интелектуалната сопственост, почитување на правилата на конкуренција при јавните набавки.

За таа цел Собранието ја истакнува потребата од доследно и ефикасно функционирање на принципот на поделба на власта.

Отстранување на пречките за учество на опозицијата во државните институции и отстранување на пречките за остварувањето на парламентарната контрола на вршењето на власта.

Создавање на амбиент за објективно информирање на граѓаните преку соодветно законодавство со што ќе се оневозможат притисоците и контролата врз медиумите.

XIV/8.-

Исто така, Собранието ја истакнува потребата од обезбедување на слободна конкуренција, сузбивање на организираниот криминал воспоставување на современ даночен и финансиски систем, спроведување на реформа на администрацијата и нејзино приспособување за спроведување на економските реформи.

Обезбедување на услови за создавање на доверба кај странските инвеститори.

Обезбедување на независност на инспекциските служби, транспарентност на државната помош на стопанството, намалување на невработеноста".

Видете, јас сега слушајќи го излагањето на госпоѓа Поповска, потпретседател на Владата, за тоа како Владата строго се држи до Критериумите, сега кога ја користи ФАРЕ помошта, кога разработува програми за користење на ФАРЕ помошта еве сега ќе имаме прв состанок за политички дијалог на Комитетот за соработка кое е тело во Спогодбата која сме ја заклучиле и посебна чест господинот Ван Ден Брук ќе го отвори.

Сега сакам да разјасниме. Ако ние денеска донесуваме декларација за спороведување на Спогодбата што сме ја потпишале со Европската унија, тогаш госпоѓа Поповска има право и навистина ние треба точките да ги подесиме во декларацијата Собранието да се декларира дека има навистина намера да се декларира, да придонесе со сите свои расположиви средства и методи успешно да се спроведе потпишаната Спогодба за соработка и трговија со Европската унија.

Ако ни е тоа намерата, бидејќи критериумите за кои зборува госпоѓа Поповска се критериуми за користење на помошта ФАРЕ, тоа се тие критериуми. Според тоа, ние треба да видиме, ако ние во

декларацијата пишуваме и мислиме тоа што го пишуваме да го направиме, да одиме кон стратегиската цел зачленување, добивање на полноправно членство во Европската унија, тоа е веќе декларирано во декларацијата на друг начин и поставено, целта е така поставена и морам да ви кажам во тоа апсолутно нема никаква врска тоа што ќе се состане, тоа е само една точка, Советот за соработка. Советот за соработка секоја година се состанува и сите земји што имаат спогодба за соработка и трговија, не сме само ние, тоа го има Тунис, Алжир, тоа се медитерански тип на спогодби и прилагодени за наши потреби овде.

Според тоа, сите тие земји со кои имаат таква спогодба имаат Совет за соработка. Тоа е шаблон. На делегацијата од Европската унија која ја сочинуваат министрите на земјите членки, претседава министерот за надворешни работи ресорот што го покрива тоа е сега господинот Ван Ден Брук. Таква е нивната поделба. Порадо поинаку беше поставена работата, сега е така. За тоа е тој задолжен. Според тоа, тоа не е ништо посебно што нам ќе ни се случи. Напротив, тоа е така, но тоа е во рамките на Спогодбата за соработка. Сето тоа е во рамките на достигнатиот степен во уредувањето на односите во Европската унија. Според тоа, ако сакате таква декларација, јас се согласувам, тогаш нашиот амандман не е потребен, но да ги избришеме и овие 12 други членови и да направиме друг состав на текстот да се определиме, да се декларираме оти ќе работиме на спроведуваше на таа спогодба. Меѓутоа, колку што ги читам намерите на авторите, тие сакаат да отворат патишта со декларацијата и да навестат дека ние се бориме за асоцијативно членство и за полноправно членство. Видете сега, за тоа постојат други критериуми, тие критериуми потоа, затоа сакаме овде во оваа точка 3 да го внесеме овој текст кој го прочитав, кој предвидува дека овде ќе се изработи стратегија кој ќе ги разработи тие критериуми.

**СТОЈАН АНДОВ:** (продолжение)

Ние ќе ја декларираме дека ќе донесеме таков документ.

Утре навистина ако донесеме таков документ, врз основа на тој документ ќе дојде еден систем на прашалници кој го прави Европската унија по нивен терк. За Словенија морам да ви кажам 120 страници е прашалникот само за статусот на оформеност на претпријатијата и претприемаштвото. Инаку ги гледав четири прашалници по стотина страници за Естонија и таму рендгенски се снима состојбата и тоа е како калап. Нема таму паушалност, ние дека така мислиме сме ги исполниле тие и тие. Не, таму сето тоа се мери. Тоа се мерливи критериуми Тоа се други критериуми. Се оценува независноста на судството, немојте никој да ме свати погрешно Жак Сантер рече на конференција на која и јас присуствував, пресудно беше за Естонија да забрза и да излезе од другите балтички земји и да биде во првата група на прием што решително се зафати да го среди судството. Смени 200 судии за шест месеци заради тоа што судиите судеја зависно од партиите, зависно од власта. Не беа независни, не знаеја да бидат независни. И тоа не е некое застрашување. Тоа е така. Тие така ги гледаат тие работи, така ги мерат тие работи. Според тоа, кога зборуваме ние за критериумите , вие можете да видите какви се прашањата и колку се тие прашања со функционална пазарна економија. Што значи почитување на правилата на конкуренција при јавните набавки. Ние сега го имаме во постапка првата фаза од законот помина овде. Јас верувам така и ќе го донесеме. Мислам дека ќе донесеме закон за јавните набавки и некој ќе мисли дека ако сме го донеле законот и тие имаат, сосема е различна таа работа. Ние изложивме каков треба да биде тој закон. Добивме дури и од Советот на Европа приговори и сугестии што да се вгради во законот за радиодифузијата. Го отфрливте, се разбира итн. Ве молам, станува збор за тоа дека ние не само се декларираме, туку дека треба да ветиме дека

нешто треба да направиме, да направиме документ, да го разработиме тоа после во документот, да влезиме во односи со Еворпската унија, да почнат да ни веруваат. Инаку, нашите декларации не се убедливи за нив. И верувајте, тие многу повеќе се загрижени за нас овде случајно да не ни се случи нешто да не го нарушиме мирот, отколку што ни се верува дека ние навистина вршиме реформи и правиме чекори кон приближување кон Европската унија. Јас пак мислам, иако овде имаше критики дека Македонија ништо не е и неможе да оди во Европската унија. Јас верувам ако ние добро се организираме и добро поставиме, ние можеме навистина да го забрзаме патот и за асоцијативно членство и за рамноправно членство. Да ги скратиме фазите, ако го избереме вистинскиот пат, и ако навистина решавачки за заложиме за тоа. Овој амандман е тоа. Сега од предлагачот чув нешто дека вака како што е направен амандманот е нерпифатлив во текстот. Јас сега би предложил, може тоа да биде оптоварување за Собранието, бидејќи сега е доцна, тоа е важен документ. Дајте со тој документ да се декларираме и да се легитимираме на подруг начин, од колку досега што сме правеле пред Европската унија.

Предлагам да продолжите со расправа по другите амандмани, а некој од предлагачите кои мислат дека е вака неприфатлив, но на друг начин неприфатлив, да видиме што значи тоа на друг начин, да видиме можеме ли да го дотераме, да видиме дали нешто можеби се промени, сепак решеноста на ова Собрание да дојде до израз и да биде означен правецот кон што ќе ја водиме оваа земја.

Дали се прифаќа ова.

**ЗЛАТКА ПОПОВСКА:**

Мојата дискусија во никој случај не имплицира мислење дека декларацијата што ја носите сега ја сведувам на декларација за реализирање на спогодбата за соработка. Јас морам да потсетам дека ФАРЕ стартува 1996 година, во март и тој е поддршка на реформите во Македонија низ повеќе програми. Тие програми што се преточуваат дневно во активност во многу тела и на повеќе места и преку повеќе испстанции во државата , мора да тргнуваат од критериумите Копен Хаген 1993 година. Дозволете, политичките критериуми поаѓаат на Копен Хаген 1993 година, од јакнење на демократските институции во една земја, потоа правната држава, човековите права, меѓуетничките односи, економските критериуми, односно услови поаѓаат од јакнење на законитостите на пазарната економија и институциите на пазарната економија.

Третиот блок е прифаќање на обврските на една земја да се носи со промените на економската монетарна и политичка унија на земјите членки на Европската унија. Тоа значи, тоа се на некој начин уставни определби, тие се преточуваат во соодветни програми во зависност од фазите во секоја земја. Никој овде во Македонија нема илузија дека сме на ниво на спроведување на програми, како земји кои стекнале асоцијативен статус, затоа што сме на ниво на земја која почнува со реализацијата на спогодбата за соработка и на која и претстои период на имплементација за која зборував и за кои чекори конечно и се однесува нашата активност, а после таа имплементација која кажав се обидуваме да ја забрзаме, следи Европскиот договор, односно следи асоцијативното членство. Можно со интензивирање на напорите на Владата, на Парламентот, секако тој процес на трансформација го скратиме. Значи, критериумите на Копен Хаген се однесуваат генерално на промените во процесот на приближување на една земја кон

Европската унија, а не се однесуваат конкретно на една фаза , конечно исто како Устав што не се однесува само за некој закон и за некоја фаза од законодавството, туку се однесува за целокупната материја која ја регулира во една земја. Јас мислам г-дине Андов се разбравме сега.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани колеги,

Предлагачот на амандманот ми соопшти дека внимателно ја прочитале декларацијата и врз основа на тоа читање констатирале дека овој амандман ќе успее да ја софистицира истата.

Мене тоа ме поттикна исто така внимателно да го прочитам амандманот и да видам што всушност, тој амандман сака да направи од декларацијата. Дојдов до следново.

Прво амандманот нема да софистицира, напротив, мислам дека ќе ја обремени декларацијата , прво од причина што самиот амандман е исто толку по обем како целата декларација.

Второ, декларацијата во точка 2 кажува дека Македонија ја истакнува подготвеноста итн, врз основа на доследна имплементација на критериумите на Европскиот совет од Копен Хаген 1993 година, значи доследна имплементација на критериумите. Амандманот 3 без да го брише тоа кажува како Македонија повторно ја истакнува потребата од донесување на стратегија за остварување на критериумите утврдени од Европскиот совет до Копен Хаген и понатаму нуди 8 алинеи, во кои се обидува да направи резиме на документот од Копен Хаген 1993 год. Мое мислење е дека апсолутно Собранието нема потреба на свој начин да го коментира или да прави резиме од документот. Доволно е ова што е кажано дека ќе ги имплементира критериумите од Копен Хаген 1993 год И тоа е сосема доволно без обид да ги резимира тие документи. Така

што тоа е документ што нема потреба да го резимираме и уште мислам дека во вториот дел на амандманот се прави дестрикција на состојбата на Република Македонија од агол на предлагачот, дозволете да кажам со извесна доза на малициозност, мислам дека позитивната комотација на целата декларација во развојот на односите ја свртува на извесен начин малку поинаква конотација во овој амандман и од тие причини лично неможам да се согласам со амандманот, почитувајќи ја добрата волја на предлагачот во образложението, сепак мислам дека амандманот нема да биде во насока на духот на декларацијата.

**МЕВЉАН ТАХИРИ:**

Бидејќи предлагачот на амандманот, барем јас така разбрав се изјасни дека е спремен на соодветни сугестии и измени на амандманот, со цел истиот да може да биде прифатен и од други пратеници, мислам дека имајќи го предвид текстот на декларацијата кој што ни е предложен и амандманот можат да се направат соодветни измени, истиот за да биде прифатлив, зборувам за менелично. Пред се, мислам дека во амандманот непотребно се повторува тоа што во точката 4 веќе го имаме од страна на предлагачите за човековите права, граѓанските слободи и националната рамноправност и сметам дека почитувањето на човековите права и малцинските права на некој начин се содржани во точката 4 и како такви можат да отпаднат. Понатаму, сметам дека исто така во првиот став првиот параграф стабилни институции кои гарантираат демократија, според мои сознанија и според тоа што значат тие институции и на кој начин се легитимираат истите, мислам дека истите се содржани иако ја корпорираат во своја содржина, тоа што е напишано став 2 и став 3 во амандманот. Така што мислам дека оваа дистрикција на тие состојби кои што треба да се исполнат, за да се обезбедат стабилните институции кој што гаранти- раат демократија е непотребно во овој амандман, односно во декларацијата да се

набројуваат и како такви мислам дека се подразбираат и со одредени измени со исфрлување на ставот 2 и 3 и исфрлување на алинеите, како што е почитување на човекови права и почитување на малцинските права и нивна заштита, кои што се содржани во член 4 во точка 4, мислам дека амандманот за мене би бил прифатлив и јас би го гласал.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Јас пред малку кога спомнав амандман во процедурата, многу знае г-динот Андов, вие денеска имате предлог шест пратеници од три релевантни политички фактори. За да може да се прифати амандман и да биде составен дел на предметната декларација, треба апсолутна согласност од сите шест. За тоа зборував пред малку. Ние неможеме да го прифатиме предлогот некој во име на предлагачите да преговара бидејќи сепак ќе оставиме Собранието да одлучи, ја има предлог декларацијата онака како што ние ја предложивме, го има предлогот за амандман од страна на пратеничката група на ЛДП и нека Собранието се определи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (10 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на точка 4 поднесен од пратеникот Нано Ружин.

Молам еден од предлагачите г-динот Филиповски да се произнесе по амандманот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

XV/7

**НАНО РУЖИН:**

Овој амандман го предлагам , затоа што има една сериозна грешка имено завршува, националностите кои живеат во Македонија, мислам дека се работи за РМ , а од друга страна, со оглед на тоа дека се зборуваше за прерипнати принципи, критериуми и тн. сметам дека со ова надополнување се додава само дека РМ , како и останатите европски вредности цели и стандарди. На тој начин се добива во поголема јаснотија во текстот, со оглед на тоа дека исто така бевме сведоци на една конфронтација околу можеби на некои принципи околу Европската идеја, како многу широка идеја кој што не ги изразуваат овие напред три четири права граѓански слободи и националната рамноправност и тн. Сметам дека со оглед на тоа дека Европската идеја е многу поширока филозофија, составена од голем број критериуми и принципи. Сметам дека е оправдано овој амандман да биде прифатен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (17 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нова точка 10-а поднесен од пратениците Рами Туда, Наџи Пурде, Зекир Кадриу, Хисни Шакири и Сали Рамадани.

Молам еден од предлагачите да се произнесе.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Овој амандман отстапува од замислената концепција која ја предложивме, а и заради она што пред малку го зборував околу усогласеноста на евентуалниот амандман кој бил прифатен од сите предлагач на предлог декларацијата, амандманот не се прифаќа.

XVI/1.- ЛП/ВБ

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Дами и гоопода пратеници, господине претседателе, нашата пратеничка група предложи амандман кој е многу важен. Јас сметам дека е поважен од Декларацијата, бидејќи како прв услов или како критериум за да се интегрираме ние во Европа се меѓунационалните односи во РМ. Токму од овој наш амандман ќе зависат меѓунационалните односи. Дозволете да го прочитам нашиот амандман.

"После точка 10 се додава точка 10-а која гласи: "Собранието на Република Македонија се обврзува во рок од месец дена да го донесе Законот за високото образование" - тука нема ништо лошо. Овој закон е системски закон и треба да се донесе. Не е по- требен само за нас, за нашата пратеничка група на Демократската партија на Албанците, туку е потребен за функционирање на целиот образовен систем во оваа држава - продолжува амандманот - "во кој се инкорпорира, официјализира и финансира Универзитетот во Тетово".

Господа, со овој амандман не се нарушува концептот на Предлог-текстот на декларацијата, само ќе се збогати. Дури, во моето излагање реков, доколку Собранието е во состојба да го прифати овој проблем во врска со тетовскиот универзитет, да се реши во најкраток рок, односно да ја задолжи Владата на РМ да предложи закон за високото образование, преку кој закон исто така се надеваме дека ќе се создадат услови во врска со решавањето на проблемот во врска со Тетовскиот универзитет. Тогаш ние сме во состојба да ја прифатиме оваа Предлог-декларација. Зошто да не ја прифатиме? Токму тоа го нагласува овој амандман и сметам дека е во интерес на сите нас да се прифати. Тука не треба секој за секоја расправа и на секоја седница кога се работи за било која точка да се караме меѓу себе. Еден од нас сигурно има право. Секогаш за овие точки се караме и тука во Парламентот пред јавноста. Сега кој е БО

право, се знае. Меѓутоа, ве молам, треба да имате и трпение и да ме слушате да завршам, па после надвор што сакате правете или доколку вие сакате да добиете збор, повелете, јас нема ништо да говорам од место. Ќе ве слушам многу културно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, немојте да разговарате.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Бидејќи се работи за многу сериозно прашање, ова прашање ќе биде сериозно само за сериозни луѓе. А за несериозни луѓе никогаш нема да биде ништо сериозно во оваа држава. Ова е во интерес на сите нас и затоа инсистираме секогаш на секоја седница, кога се на дневен ред вакви точки. Сега ние бараме нешто што е многу коректно и ова треба да се свати како една позитивна иницијатива, бидејќи слушнав од многу пратеници дека на овој амандман не му е место тука во оваа Предлог-декларација. Јас мислам дека му е место тука.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЈ1И РАМАДАНИ:**

Повторно накратко, ние можеме да поднесеме најмалку 11 амандмани да интервенираме, односно да ги негираме сите овие точки кои се предложи во Декларацијата. Меѓутоа, отстапуваме најмалку од барем 10 други фундаментални проблеми со кои се соочуваат Албанците во Македонија и ете за вас вечерва, за овој дом и овој состав на Парламентот еден добар испит. Значи толерираме многу важни работи, да не кажам кои се поважни, но да ви биде јасно на сите вас дека за Албанците Универзитетот во Тетово значи света работа. Ние отста-

пуваме, значи толку попуштаме што сме подготвени да ја потпишеме декларацијата, само и само што ќе биде еден ден, туку еве да се декларира дека ќе дојде законот кој го бара цела Македонија, не само Тетово, не само нашиот универзитет, значи дека ќе се донесе Законот за високо образование, што еден ден ќе дојде така, и така и така, меѓутоа, ние сме за тоа значи солидарни и ќе се потпише оваа декларација, иако на наша штета за другите проблеми кои ги имаме. И сега вие одлучите како сакате, сакате наш потпис да се прифати амандманот не ви треба потписот, немој да го прифатите, тоа е ваша работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Бидејќи во името на пратеничката група на Партијата за демократски просперитет тука сум и јас предлагач, мораме заради вистината, јавноста и за вас господа пратеници да појасниме некои работи. Ние тука предлагаме точки односно декларација која мислиме дека отвора пат, начин, методи итн. за остварување и на тие права, значи на високо образование, т.е. со самиот факт дека имаме точка 4, национална рамноправност, тоа значи дека треба да отвораме патишта, можности со самиот факт што соработуваме, сакаме да соработуваме со Европската унија. А тоа значи треба да бидеме членка во таа европска унија. И сите тие критериуми што ние ги знаеме овозможуваат, мислам има критериуми кои се пропишани и овозможуваат високо образование на мајчин јазик, а тоа значи дека појдовните точки тука се и ние веруваме како пратеничка група дека тоа и ќе се оствари. Значи отвораме и рамка и појдовна точка и начин да се оствари тоа.

XVI/4.-

Инаку, ако веќе набројуваме кои ќе бидат правата на Албанците понатаму, ние веројатно во од, не можеме да се задржиме само со тоа дека статусот на Албанците со другите, ќе бидат рамноправни Албанците само со високото образование и тука завршуваат работите, затоа што се работи за статусот на јазикот, за нашето учество администрацијата во институциите на државата, дури еволутивно им и размислување, идеи и пропозиции односно предлози за еволутивно менување на некои членови на Уставот кои не овозможуваат потполна рамноправност. Тие се работи кои одат во од со самата интеграција односно членството на Република Македонија.

Иако како предлагач јас мислам дека никој сега не треба да сфати дека не прифаќаме за еден месец да се донесе закон за високо образование и тетовскиот универзитет да биде официјализиран како што пишува во амандманот. Да ви кажам право, ако веќе треба да кажам јас за да задоволам односно да бидам - не треба само декларативно тоа да го кажам, мислам дека и како партија и како пратени» ка група јасен е ставот околу високото образование и на оваа парти; што ја претставувам јас и пратеничката група. Меѓутоа, еве јас ќе кажам го прифаќам амандманот. Но има една специфичност тука веројатно, затоа што предлагачи се и други пратенички групи. Можам да завршам со тоа дека еве да задоволам не потреба, односно прифаќам на амандман од пратеничката група на ПДПА, јас сум како предлагач да се прифати. Меѓутоа, бев должен на тоа да објаснам дека сепак р. ботите, барем што се однесува до оваа декларација се прифаќаат и тие конкретни работи кои се предлагаат од почитуваните пратеници о, ПДПА.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Кадриу.

XVI/5.-

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Овој амандман што беше предложен мислам дека има свое значење и еден од предлагачите веќе се согласи со тоа. Јас барав и од другите што се предлагачи да го поддржат ова, бидејќи цениме дека тоа е еден вид на тест кој треба да се фрли, првиот чекор. Да видиме колку е расположението и на другите пратеници што навистина инсистираат и сакаат да ни го покажат конкретниот пат. Јас добро го сфатив претходниот дискутант што рече дека ние предложивме конкретни факти. Ако предложиме конкретни факти, тогаш и ние ја покажуваме, не трагите, туку директно состојбата, за да не кажам волкот туку реалната состојба што треба сите деца подеднакво да се воспитуваат и во конкретниот случај ги молам сите кои се предлагачи на оваа декларација да се изјаснат по амандманот и да одиме понатаму.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амнамданот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на декларацијата.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на декларацијата го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Господин Андов деловнички има право да каже како ќе гласа и зошто така ќе гласа.

XVI/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, токму така, сакам да го искористам деловничкото право да објаснам како ќе гласам и зошто. Всушност, и второто излегување на потпретседателот на Владата не не убеди дека е добро вака што се прави, бидејќи навистина треба да ни е јасна целта зошто е оваа декларација. Ние навистина сме во редовни корисници на програмата ФАРЕ од 1996 година, а критериуми се донесени 1993 година во Копенхаген. Но, програмата ФАРЕ многу поодамна постои и ја користеа други земји, а ние надвор од програмата како хуманитарна помош ја користиме. Таа програма си има свои критериуми и ако ни ги врзале условите на користење на ФАРЕ за критериумите од Копенхаген, тоа значи една голема недоверба спрема нашата внатрешна поли- тика на користење на средствата. Се надевам тоа не е така.

Меѓутоа, да го оставиме тоа. Она што сакам овде сега да го кажам е следното. Вечерва после една голема расправа и објаснувања ние се обидовме на оваа декларација да и дадеме суштина и дух. Не беше тоа разбрано. Мислиме дека Собранието пропушта да обврзе да се донесе документ кој ќе ги разработи критериумите. Пропушта. Тоа е крупен пропуст, крупна грешка и таа ќе ни се одрази натаму на нашата политика со Европската унија. Бидејќи ние ги исцрпивме нашите можности тоа да го кажуваме, а инаку оваа декларација е навистина само декларативна и за домашна употреба во пропагандистички цели, барем нешто можеби ќе ги испопуларизира европските идеи и европските институции итн. во јавноста, само заради тоа да не остане Собранието и натаму ни декларативно да не се изјасни, ние ќе гласаме за овој текст.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој е за предлогот на декларацијата да крене рака?

59 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

5 пратеници се против.

XVI/7.-

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој) Констатирам дека Собранието ја донесе Декларацијата за развојот на односите на Република Македонија со Европската унија Мислам дека овој чин заслужува да го поздравиме. (Аплауз во салата)

Предлагам овде да престанеме, а да продолжиме во среда на 11 февруари 1998 година, во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 22,05 часот)